## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Првото продолжение на Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 февруари 2002 година

Седницата се одржа во сала I во Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеничката Валентина Божиновска ме извести дека не е во состојба да присуствува на седницата.

Продолжуваме со претрес по Информацијата за случаите на употреба на насилство во Неготино, Теарце, Прилеп и Охрид.

Господинот Илија Илоски бара збор.

Молам, известете го претставникот на Владата дека се собрани пратениците и почнуваме со работа.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Не ги поздравувам претставниците на Владата, бидејќи изгледа оваа тема за нив не е интересна и денеска не се присутни на расправата.

Дозволете на почетокот да се потсетиме дека на вакви или слични теми во овој Парламент и тоа во истиот состав за нецел мандат расправаме по трет или четврт пат. Расправаме за насилието што ни се случуваше на претседателските избори. Расправавме за насилието што ни се случуваше на локалните избори, само година по тоа, расправавме за насилието и теророт што се спроведуваше на политички неистомисленици од сопствените редови на теророт и насилието на тепање на пратеници и на нивните фамилии за да денеска дојдеме да расправаме навистина за една највулгарна тема за насилие што го направија над малолетни деца, што е една од групната информација за случаите за употреба на насилство во Неготино, Теарце, Прилеп и Охрид. Значи, во еден континуитет од последните две и пол години расправаме по четврт пат за едно насилие од страна на официјалната структура на власта.

Да заклучиме на почетокот дали се работи за терор спроведуван на избори за постигнување на одредени политички цели со неполитички средства, или се работи за терор врз политички неистомисленици (ви се молам, ако може Флоровски да не разговара на мобилниот телефон, бидејќи ме деконцентрира).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, престанете сега, овозможете да зборува тој што добил збор.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Значи, без разлика дали се работи за постигнување на политички цели со неполитички средства или се работи за терор спроведен врз политички неистомисленици за остварување на политички цели, или претепување на поединци и групи малолетници овде веќе за неразбирливи политички цели, сите ќе се согласиме дека заеднички именител на сите овие активности е насилието во својата најелементарна форма.

Бидејќи сите горе спомнати активности на оваа актуелна власт се направени со нејзино менторство не треба да не иритира и буни квалификацијата што ја дава опозицијата дека се работи за насилие под патронат на државните органи. За разлика од кај нас, во нормални демократски држави каде демократијата е на најниско можно ниво при појава на вакви симптоми дека нешто се случува во правец на суспендирање на демократските процеси се преземаат итни и ригорозни мерки за спречување на таквите појави, но за жал, кај нас веќе сме сведоци на континуирано и упорно преферирање не на намалување, туку напротив, на комплетно укинување на сите демократски права на поединци, па ако сакате на народот во целина во Република Македонија.

Затоа, господа пратеници, оваа држава која на крајот на 1998 година по оценка на многу домашни, а и странски политички аналитичари веќе заплови кон врвот на демократските води што не беше ниту лесно, ниту едноставен процес во релативно краток период на развој на демократијата, веќе на почетокот од предавање на власта се судрува со проблеми во уривање на целокупниот демократски систем. Ако претходната власт како врв на своето демократско

политичко однесување изврши мирно предавање на власта, која изгуби на фер и демократски избори оваа власт ја поврати државата не на почетокот на плурализмот, туку напротив, по се она што денеска се случува ние се наоѓаме одприлика во амбиент на 50-тите години од минатиот век, кога на овие простори владееше најортодоксниот и најтврдиот комунизам. Сега, дефитино можеме да заклучиме дека сме длабоко завлезени во фаза на автократско владеење која фаза се стреми полека но сигурно да премине во диктатура.

Дали во Македонија за овие три години, си поставуваме прашање, се презеле и се преземаат мерки за спречување на овие процеси? Во секој случај да, но до денешен ден тие се покажале дека или биле млаки, неадекватни и не ги дале посакуваните резултати за спречување на овие ретроградни процеси во државата.

Затоа се отвори широк простор во државниот естаблишмент во својата комоција да биде основен генератор на вакви процеси со што ја доведовме Македонија на ова дереџе денес, кога без срам и перде дојдовме во ситуација да ги тепаме дури и сопствените деца и згора на тоа покривајќи ја сопствената вина истата да ја префрламе на нив велејќи дека не се работи за малолетни деца, туку за терористи кои се опасни за државата и народот, само со чинот дека побарале во нивните училишта да има на пример затоплување кога температурата надвор е спуштена под нулата. Тоа е типично однесување на познати комунистички диктатори, познати и признати во историјата како такви, кога се прават во и за интерес за државата и народот. Така и кога до смрт ги претепуваа дури и пратениците на претседателските избори, велевте дека тоа сте го правеле за заштита на изборниот процес. Истото го велевте и за локалните избори, истото и кога ги тероризиравте вашите политички неистомисленици, излезени токму од вашите редови, кои гледајќи каде заталкавте се повлекоа од тој срамен пат. Сега, да ставите капак на сето тоа, без око да ви трепне, со парите од народот плативте најпримитивни тепачи за тепање на малолетни деца под изговор дека истите киднапирале некаков си бајат педагог, поставен од секогаш свежиот и со оригинални идеи научник со црни мали кутивчиња во џебовите по чии свежи и бистри критериуми добивме најбајато образование во Европа, можеби и пошироко.

Така, господа пратеници, ние веќе одамна ги поминавме фазите на демократски ориентирано општество и оваа проклетија која владее денеска на македонската политичка сцена без пардон ги пробива сите граници и добива физиономија на тоталитарен систем со поединечни фашизоидни однесувања на одредени владеачки структури.

Дозволете да ве потстетам на мојот говор од ова исто место кога расправавме за насилието што ни се случуваше на локалните избори. Тогаш, под можеби силни емоции како жив сведок на тоа невидено насилие што се случи во Охрид, а сеуште под свежи импресии од настаните во Струшко само година дена пред тоа, а тогаш како преживеан сведок на тие струшки настани јас мојот говор го започнав со почетокот на еден наш репрезентативен текст наречен "диво месо", теков дека во оваа држава ќе има војна, бидејќи на сите им е доста од ваков мир.

Исто реков, погледнете ги стемограмите од тогаш дека можеби се пресилни овие зборови, но верувајте цврсто бев уверен во таа констатација и после образложив зошто токму и во такви услови е неодржлив мирот во Република Македонија. Што се случи? На моја жалост се потврди таа констатација, а се надевам и на ваша жалост, се случи тоа што реков, се случи војна.

Следејќи ја вчерашната расправа мене ми е јасно дека за мнозумина во оваа сала сеуште можеби за секогаш до крај ќе остане нејасно зошто се случило тоа, меѓутоа мислам дека повеќето сме свесни дека токму секојдневното вакво, како денешното однесување на нашата Влада создаваше плодна почва за да не снајде тоа што не снајде.

Бидејќи не сум никаков пророк, Свети Илија, туку само обичен смртник пред Бога кој своите заклучоци секогаш ги темели само врз основа на подлабоки анализи на случувањата, дозволете денеска да ви предочам што не очекува во наредниот период, ако навистина токму од оваа наша највисока државна институција т.е. од ова Собрание не собереме сили и барем во форма на заклучоци не кажеме стоп на ова насилничко однесување на власта.

Господа пратеници, колеги мои, во оваа прилика сакам да укажам да не се плашите војна ќе нема. Меѓутоа, бидете уверени дека Македонија ќе ја нема ако вака продолжиме. Нормално по законите на формалното расудување во држава што ја нема војна не може ни да има. Кога ова го говорам, мислам на Македонија со сите нишани на Македонија, со сите атрибути на држава, бидејќи сум убеден дека натамошните процеси би довеле до нејзино комплетно распаѓање, трулење одвнатре и ние самите овде како генерација политичари ќе бидеме сведоци, Неми сведоци на претворањето на нашата татковина во само географско подрачје.

Имаме безброј примери и во историјата и во нашиот комшилук ако сакате, пошироко и во светот дека при ваква помината голгота што ја поминавме ние македонските граѓани во изминатата година тоа требаше да не поучи со смирени страсти полека да ги отпочнеме процесите на стабилизација и на рехабилитација на целокупното општество, а не и натаму упорно секојдневно да преземаме конкретни чекори кон дестабилизација на состојбите. Сега, за разлика од пред извесно време, ние немаме масовни тепачки по планините, но секојдневно под патронат на власта сме тепани поединечно или групно и по правило тие што треба да не заштитат како граѓани, секогаш се ставаат на страна на силеџиите. Често пати, како и порано, жртвата и џелатот добиваат знак на равенство. Наместо некои субјекти да поднесат одредени лични консеквдници за нивните ступидни однесувања, тие и натаму ги зацврстуваат своите мандати истовремено зацврстувајќи го своето лично убедување Дека се неменливи, дека се вечни и пркосејќи дури и на семоќниот Господ Бог.

Затоа господа и покрај сите глупости што во оваа држава во континуитет ги направи и секојдневно продолжи да ги прави господинот со црни кутивчиња по џебовите што ги вади од оваа говорница ќе се дрзне и завчера на прес конференција ќе изјави дека на крај памет не му паѓа да поднесе оставка, да го врати мандатот што одамна му е потрошен, напротив, се чита неговото триумфално однесување како и натаму галопира на некои свои замислени бели кобили незнаејќи дека прави додатни напори да го досотри ама баш комплетниот систем на образование во оваа држава, а поголема хипокризија од тоа здравје.

До кога ќе биде така, се прашуваме сите овде? Тоа ќе биде се до тогаш додека на првата клупа од ова парламентарно мнозинство, што е многу битно на првата клупа кој седи ќе седат апологети од типот на пример на Далаверски и Флоровски.

Господа што вие вчера грчевито го браневте овој министер, дали не ви е јасно дека дотичниот најобразован министер во државата никој апсолутно не го сака, ниту во неговото село, а тој сака да ја жени ќерката за попот таму, за жал со стројници како вас му успева на еден подолг период да го прави тоа. Затоа не може човек да се отргне од чувството дека ако продолжиме вака и со вакви дека од оваа држава - држава не бидува. Зарем не чувствувате дека се што е живо и мрда, има било каква врска со образованието од детска градинка до универзитетот е против ресорниот министер, и благодарение на педесеттина гласови од оваа сала, чии мандати одамна се, по мене, проблематични, овој министер може да прави што сака, а со полседниот чин посака да го замени мнистерот за внатрешни работи кој по закон понекогаш има право и да тепа.

Зарем не сме сведоци дека половина Македонија е сеуште под окупација, а патувачкиот циркус наречен можен иден македонски претседател во олицетворение на ликот и делото на дотичниот господин од Владата што седи овде и натаму ја забавува останатата половина од државата со народната новокомпонирана песна "педа не даваме, Македонија ќе ја браниме".

Господине министре, еве ја користам оваа прилика, не сме се сретнале никогаш како пратеник и министер, во оваа прилика да ви порачам нешто на вас од оваа говорница и да ви понудам една педа од мојата нива во моето село да го дадете чисто од христијански побуди само за да вие утре можете мирно да влезете на вашата педа земја на вашата нива во вашето село. Нормално, ова ви го нудам само ако е таа педа во прашање, ако нема и други причини во оваа држава и проблеми за овие состојби. Во спротивно воопшто не верувам во вашите рецитации.

Па, нели, како што ќе рече вашиот и нашиот премиер, ова е уште еден еклатантен пример на хипокризија која го има зафатено македонското општество.

Но, господа пратеници, министрите сами за себе понекогаш и не се криви, тие се такви какви што се и како

што ги дал господ, вината е веќе јасна, дека лежи токму кај нас пратениците, кои за овие четири години и после многу политички турбуленции, токму во овој парламент, ние не успеавме на некои како спомнатите да им го одземеме мандатот за владеење. Тоа не успеа, а веќе сега сум убеден дека се немало ни намера тој мандат да им го одземе мандаторот или сега премиерот како што го викаме вашиот, нашиот или од никого. Затоа вината токму лежи кај нас, па потоа и кај него што ги ставил на неговата листа овие да бидат министри, но сега е веќе јасно дека неговата листа и кого да го промениме има таков расадник на таленти и таа е толку неисцрпна, што секогаш ќе се плашите да не ви дојде некој поталентиран од претходниот. Затоа, маната треба да ја бараме кај него, т.е. кај составувачот на ваквите неисцрпни листи. Токму вчера слушајќи некои дискутанти од владеачката партија, се понадевав дека кај нив ќе проговори барем еднаш совеста и свеста и ако не повеќе барем ќе дадеме политичка квалификација за осуда на последните настани за кои денеска расправаме, гледам кај поголем број се нема и такво расположение, што, да не е трагино, би било смешно. Некои вчера упорно не убедуваа дека белото е црно и обратно, а меѓу редови во нивните настапи се чита признанието на ова што ни се случува дека сепак не е добро и не не води никаде. Најтрагична е констатацијата на поединци кои сета оваа расправа сакаа да ја маргинализираат и да постават знак на равенство на црните дневни хроники во печатените медиуми со настан како што е тепање на малолетни деца во, на пример Неготинската гимназија. Затоа не може да се одбегне од впечатокот дека работите се изместуваат од своето лежиште заради замачкување на истата комплетна работа со што се сака да се заштити повторно теророт и насилието, а со тоа, опростете на она што најмногу реагирате, бидејќи сето тоа го правите токму овде во овој парламентарен дом, тоа насилие и тој терор добива уште една државна потврда. Како се прави тоа? Тоа го правите на следниот начин.

На сите суштински забелешки од страна на опозицијата, поготово на СДСМ вие хистерично реагирате дека се било желба за враќање на власта, се било желба за гола власт, па ви се молам, кому нормален во оваа држава, ве прашувам сите, му е уште до власта. Кој саглам човек помислува после овој пустош што го оставивте зад себе како мираз од ова нецелосно четиригодишно некомпетентно владеење дека ќе ужива во некоја идна власт. Па, разберете еднаш за секогаш ние како сериозен политички субјект мораме да му дадеме на народот барем трошка надеж дека во оваа држава има поинакви од сегашните. Нека не биде тоа СДСМ, ако сакате. Разберете еднаш за секогаш повторно дека овде, како што спомнав на самиот почеток од моето излагање, не се работи повеќе за индивидуален и колективен опстанок на овој народ и оваа држава, ќе се согласите, тука не се работи за ничија политичка волја и желба за власт, туку скоро на 80% на народот му е јавено чувството на биолошки и историски опстанок. Ајде да одиме по ред по овие конкретни информации.

Владата, најверојатно преку ресорот за внатрешни работи дава информации по однос на точката од дневниот ред, дека прво, во Гимназијата во Неготино имало претепување на малолетни деца од страна на нарачана група рекетари. Дали е тоа спорно? Ако е спорно, дајте оваа информација да ја вратиме на министерот за внатрешни работи, за да ја преработи и да каже дека тоа не е точно.

**ИЛИЈА ИЛОВСКИ:**(продолжение)

Ако не е спорно, дајте, ако не повеќе да донесеме политичка квалификација, бидејќи се согласувам дека овој парламент не е суд, дека овде ни помалку ни повеќе се работи за еден грозоморен чин и одговорните за тоа треба да повлечат одредени политички консеквенци.

Владата, исто така, ја потврдува информацијата дека за просториите на политичкиот противник е фрлено шише со запален фитил и со мирис на бензин. Ако етикетата на тоа исто шише е единственото оправдување дека се работи за познатото македонско вино "Кавадарка" јас за прв пат сега слушам дека такво вино се произведува од оригинално географско потекло, од Каспискиот басен или од плодните лозови насади од Кувајт, Ирак, Иран, итн. Ако пак се согласиме дека овој вториот географски регион, тоа вино од овој регион не е за пиење, туку за други намени, ирелевантно е кој посакал да го пие тоа вино и тоа токму на тоа во место каде што стои оваа информација т.е. под просториите на СДСМ во Охрид. Затоа паѓаат во вода сите размислувања на еден крупен политичар од ВМРО-ДПМНЕ од Охрид, дека може би се работело за нерасчистени кафански сметки

а доколку било обратно сторителите на ова дело ќе биле избркани од оваа партија со високо развиена граѓанска свест. Досега, господине политичар од ВМРО-ДПМНЕ од Охрид, праксата покажа дека сите силеџии од локалните и претседателските избори, нешто не се избркани,напротив се наградувани и високо котираат и во државната хиерархија како чиновници, а и во партиската хиерархија како некои властодршци таму во партијата. Ајде сега да причекаме да видиме што ќе се случи со наградата или со казната за овој посебен случај.Истото се повторува и во информациите за тепањето на човекот во Теарце и рушењето на бистите на народните херои во Прилеп, што значи може би за прв пат имаме усогласување на информаиците што ги бара опозицијата и квалификациите што за истите ги дава МВР.

Каде настанува недоразбирањето?

И, покрај такви експлицитни објаснувања, министерот за образование ќе рече на своите секојдневни јавни настапи - ова што го пишува полицијата во официјалниот извештај нема апсолутно врска со реалноста, дури ќе ја оцрни полицијата дека не си ја завршила добро работата, мислејќи притоа, дека таа била обврзана да ги затепа децата и така да го реши проблемот. Кога веќе не го сторила тоа полицијата тој морал да побара помош, се разбира по приватни непотистички линии, некои параполицајци. Ви се молам, нормален човечки ум и разум не може сето тоа да го свари во сопствената глава. Затоа г-да пратеници, дајте да се обидеме да ги надминеме сите меѓусебни недоразбирања и да ги премавнеме сите анимозитети создавање овие три четири години во оваа сала и да собереме сили, еднаш за секогаш, а со тоа да воведеме и една пракса за во иднина во овој парламент, во овој највисок дом работите дефинитивно да ги наречеме со нивното право име, со што ќе направиме барем еден мал чекор кон спасување на сопствената држава над која се надвиснати опасностите кои ги спомнав на почетокот од мојот настап. Се надевам, дека за тоа имаме и сили. Во спротивно, како што ќе рече секогаш полупризнатиот претседател на оваа држава - Господ нека ни е на помош на сите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јавува г-динот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во име на ВМРО-ДПМНЕ,заменикот координатор не е тука, си земав за право да одговорам, не на се, бидјеќи во дел од излагањето на г-динот Иловски бев отсутен, но на она што успеав да го забележам.

Г-дине Иловски, добро е да ги надминеме недоразбирањата, како македонци и тука нема дилеми. Барем да бидеме единствени, колку што се единствени Албнците кои ни служат како пример. Но, има една друга работа. Вие овде, ако не се лажам добри 20 минути говоревте, не испоплукавте, не испоказивте,- излеговте десетина пати надвор од она што е тема на дневен ред и на крај од кога не исплукавте ни подавате рака. Поголема демагогија од оваа работа во живот немам сретнато. Тоа ме потсеќа исто како да поминам на улица, ме сопира полицаец, ми удира добар ќотек и ми вели извини се препознав, не беше ти, другиот е криминалецот. Вака, ли се гради македонско национално единство, ако на тоа алудирате.

Ќе почнам од позади.

Бистите во Прилеп, имате јасна информација кој тоа го направи, нема да именувам, бидјеќи претпоставувам ќе стане некој друг па ќе почне мене да ме напаѓа без причина, претпоставувам.

Сакам да кажам, кога ги снема бистите од Прилеп веднаш се јавија вашите експозитури во ликот на Сојузот на борците, јас длабоко им се извинувам, и веднаш ме обвинија, велејќи еве ги бугарофилите, ги дигнаа бистите, ги фрлија, незнам каде да ја најдеме. Воопшто тоа не ме интересира.Тоа е работа на полицијата. Не дека не ги почитувам тие личности, длабоко ги почитувам затоа што дале дел за оваа македонска држава. Како револт на искршената плоча на Мара Бунева. Вакви работи веќе се видени и ме потсети на атентатот на Глигоров, виднеи се двајца луѓе со брада со велешка регистрација со црни мантили, значи тие се ВМРО-овци, или внуците на Ванчо Михајлов. Такви работи не палат, веќе ги имаме прочитано, а фала му на бога и паметиме и господ ни дал барем малце, а лично мене и повеќе акл, отколку што некој мисли овде.

Секогаш, сме ве обвинувале дека се борите за власт? Па што е целта на СДСМ. Што е вашата цел. Зошто вие овде говоревте 20 минути, во суперлатив, кога се работитза вас, а сето што сметавте дека е негативно овде го извадивте на виделина. Зошто вие се борите г-дине Иловски, дали

за да станете повторно директор на Царина, пратеник, или Министер во идниот состав. Што е борбата на политичките партии. Во краен случај што е борабата на ВМРО-ДПМНЕ или на ЛП или на ЛПД. Мислам такви прашања не треба да поставувате воопшто. Борба на секоја политичка партија е да дојде на власт и она што значи зацртана нивна програма и идеи да ги спроведат за едно подобро живеење на една држава.

Договорите за свест и совест: вчера ние, не само јас овде туку и други дискутанти докажавме тоа дека за секоја осуда е тепањето на учениците и направивме јасна дистинкција дека секој оној што посегнал по насилије треба да одговара. Најмалку сакам вие да ме повикувате на свест и совест, доволно сум свесен и совесен да знам што е добро и што е лошо, критики од вас најмалку ми се потребни и тука ќе прекинам да не поминеме во некој друг домен на меѓусебно навредување. Така да многу од забелешките воопшто не ви држат, настрана што вие повторно говоревте за работата на Владата. Она што Бошковски го фатите, он ќе си одговори, не е мој проблем, негов проблем е.

За насилие, велите дека од 2000 година до сега ВМРО-ДПМНЕ практикува насилие, а заборавате дека и за насилие и за љубов се потребни двајца, дека некој мора да го предизвика тоа насилие или да одговори на тоа насилие. Немој да кажувате дека вие сте жртвите. Јас вчера овде јасно кажав кој во пракса почна прв, да го применува политичкото рекетарство. Не сакам да повторувам, сметам дека добро и е познато на македонската јавност...

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика времето помина.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ**:

Само уште 3 0 секунди.

На крај за сето ова што го кажавте ќе имав разбирање доколку не бевте од политичката гарнитура која владееше од 1991 до 1998 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јавува г-динот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Ќе бидам сосема краток само да му укажам на г-динот Флоровски. Незнам колку ме разбра на она што го говорев.

Навистина е дегутантно да се мисли дека со овие настапи од ова говорница на оваа тема СДСМ се бори да дојде на власт. Напротив, ние знаеме дека и после ова собраниска седница неговата партија која во изминатите три ипол четири години е на власт и ќе си остане до следните парламентарни избори а може би и после тоа ќе биде на власт. Ние господине Флоровски се бориме против апологетите како вас што упорно браните нешто што не може да се одбрани. Вие не можете да го одбраните вашиот премиер за триста глупости што ги има направено во оваа држава. Вие најмалку можете да го одбраните вашиот министер за образование. Па кого браните и кои идеи ги браните вие. На крајот на краиштата само со едно се согласувам со вас а тоа е дека политичките партии излегуваат пред народот со политички платформи и добиваат мандат од народот. Кажете ми, ве молам, само три посто од вашата програма што имате реализирано, или на некого му рековте дека ќе тепате деца по гимназии, во политичките платформи што ги понудивте во 1998 година. Токму против тоа се бориме г-дине Флоровски. А дај боже да си одите вие, јас никогаш ниту директор на царина сакам да станам, ниту пратеник, ништо не сакам да станам во оваа држава. Сакам едно парче леб да го јадам дефинитивно раат да го јадам, со тебе заедно во некоја кафана и со нашите деца заедно, а не да се тресам дали ќе останам жив, или ќе си одам во Охрид мртов. Вие раз бирате зошто се бориме? Е за тоа се бориме. Затоа, дефинитивно вината не е кај мене, дефинитивно вината е кај 50 гласачи овде, дали се пратениици, а мислам дека се веќе и пратненици. Четири години го правите тоа овде во оваа сала. И немате мандат повеќе да излезете и нешто да реплицирате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас г-дине Иловски не сум толку нервозен како вас, и со ниту еден збор не сум ве увредил.Да сум апологет и ќе додадам, и полтрон, немаше да седам во овие клупи, ќе бев сигурно некаде на друго место. Претпоставувам овој атрибут, и овој што јас ви го додадов повеќе би ви личел вас, отколку мене. Прво, по карактер не сум таков, второ секогаш сум јасен, отворен, кога говорам за она што значи грешки на ВМРО-ДПМНЕ и она што значи квалитет на ВМРО-ДПМНЕ. Значи отворено говорам за сите мани на политичката партија на која припаѓам, за разлика од вас кои секојдневно пеете орди и химни и на вашиот лидер и на вашата политичка партија.

Уште еднаш ќе ве прашам, за што се бори СДСМ, да биде во вечна опозиција, или да дојде на власт? Зошто тогаш секојдненво шпартате, ако не се лажам г-динот Црвенмковски денес или утре ќе држи трибина во Прилеп. Што е функцијата на држењето трибини. Едноставно,да го запознае народот, или во функција на предизборен маркетинг, а колку луѓе таму ќе ви дојдат и колку ќе сакаат да ве слушат, и колку имаат доверба во вас, знаејќи ве како владеевте шест години. Нека Ви е со среќа, во краен случај. Не мислам лошо на ниеден македонец.

И тука, господине ќе завршам. Можете да излезете да реплицирате, немам намера да ви реплицирам, знајќи го вашиот однос кон вашите претпоставени што можам да го оквалификувам некако апологетски и полтронски, нешто што е многу лошо овде да го обнародам, а вие ќе сватите за што се работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јавува г-динто Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани г-да пратеници,

Јас вчера многу убаво кажав и ги опоменав сите пратеници, со ромскиот народ, не е веќе националност, туку народ, да не се поигрувате овде во парламентот и немојте повеќе да го спомнувате. Немојте да ни ставате црна дамка или црна овца да не правите за некои обични работи. Доста е со поигрување со ромите. Меѓу вас расчистете си кој ќе добие на избори, кој ќе изгуби, кој ќе прави маркетинг.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако е ова реплика, нема основ.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Има основ. Се спомнаа ромите, се спомна Прилеп. Постојано се манипулира со ромите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро. Доволно е. Има збор г-ѓа Ѓулистана Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, морам прво да ви кажам мотивите зошто гласав да се најде денешната информација на дневен ред. Во принцип, скоро никогаш не гласам за информации за расправа на Собранието од причини што ние сме законодавен дом кој е задолжен да носи закони во оваа држава. Ние сме законодавен дом кој треба да се носи со неговата основна дејност, да носи закони. Второ ако се понудат информации треба Собранието нешто да заклучи по тие информиции односно да знае во кој правец и зошто расправа. Сето тоа нам не ни е понудено, а вчерашната расправа ми даде за право да заклучам дека навистина сум требала да негласам денешната седница да ја имаме односно два дена, како што милуваат да кажат претставниците на нашата опозиција, да ги трошиме парите на граѓаните, ама да не знаеме зошто ги трошиме. Меѓутоа бев повеќе понесена од тоа дека ќе имаме тема која беше бомбастично најавувана во сите средства за јавно ифнормирање дека во државата ни се случува државен терор, а уште повеќе од класичната уцена што ја имавме од страната на претседателот на СДСМ, г-динот Брнако Црвенковски, кој на средбите кај претседателот Трајковски рече дека нема да учествува ниту на една средба доколку Собранието не расправа за државниот терор, колку што мене ми се чини, што се случува во РМ.

Очекувајќи дека ќе слушнам многу повеќе од она што, еве денес имавме можности односно два дена да го слушаме претставниците на опозицијата, прифатив да разговараме и покрај тоа што класичната уцена од г-динот Црвенковски е веќе видена заради тоа што очигледно прашањето за изборите ќе треба повторно ние да ги уредиме овде, нема да ги уреди ни претседателот Трајковски, заради тоа што сепак тоа е одлука за која одлучува Собранието. Меѓутоа, очиглендо има некои други релации, меѓу СДСМ и претседателот Трајковски.

Ако во овој момент тие насилно и грчевито се бореа за планот на претседателот и не го вадеа од уста г-динот Трајковски, последниот момент кој беше веќе г-дин Трајковски, претходно беше граѓанин Трајковски а сега се веќе во фаза на како што рекоа полупризнатиот г-дин Трајковски. Ќе треба да си расчистат и во пратеничката група и во партијата и воопшто во комуникацијата за да се види дали ние во оваа држава имаме претседател кој е признаен од сите граѓани. Меѓутоа, далеку од тоа дека се согласувам дека договорите и за изборите и за се друго во оваа држава треба да се водат таму затоа што ако ние не можеме да ги решиме, а со ваквите дискусии очигледно одиме во тој правец, некој друг ќе ни ги реши, дали тоа ќе биде претседателот Трајковски, или сосема друг, тука пред се мислам на меѓународната заедница, ќе ни одлучува за сето она што се случува во државата, на

сето тоа најмногу кумуваме ние. Што имавме изминатиот вчерашен ден и денеска:

Јас реков, очекував да слушнам нешто многу повеќе од она што го понуди Владата. Очигледно дека имавме една неуспешна можност за манипулација и со нас овде и со граѓанството на РМ, слушнавме слободни теми, слободен состав на тема насилство што дефакто е присутно во РМ, како што е присутно секаде. Меѓутоа, на тоа насилство не му кумува државата за жал и затоа не може да го крстиме дека се работи за државен терор заради тоа што Владата ни понуди една информација што овде апсолутно никој не ја оспори. Информацијата е навистина кратка, меѓутоа, информациjате се темели исклучиво на факти, без никаква политичка конотација, без ничиј терор, без ничие политичко настојување вагата да превагне на оваа или на онаа страна, освен на силата на аргументите. Сега, за жал, тоа не им се допадна на претставниците на опозицијата па бараат нешто што во овој момент РМ, го нема.

Имено, имавме можност да слушнеме, од 1998 година досега што се случувало во РМ, па дека сме имале насилство, присклушкување, сме имале насилство во изборите. Очекував да слушнеме дека имало насилство, на домашен терен бидејќи прочитав една интересна студија во која се вели дека во РМ, во овој момент секоја четврта жена е жртва на домашно насилство во кое најчисто насилникот е мажот.Тоа за жал не беше споменато. Меѓутоа, очекував да се поврзе па да се каже дека тој маж е насилник затоа што ако веќе се зборува за насилство, тука веќе мора, според опозицијата да биде преставник некој од ВМРО ДПМНЕ.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:** (продолжение)

Ама ако се каже дека секој четврти е симпатизер, или не дај боже, член на ВМРО-ДПМНЕ, тоа веќе нешто многу значи, па заради тоа претпоставувам не била направена асоцијацијата. Инаку, да зборувате за насилство, како што тоа вчера го истакна координаторот, па да ги прогласите сите пратеници во овој состав, не знам тоа дали за вас важеше, меѓутоа, не за државни терористи, е, не класична навреда, навреда што е казнива според нашиот Кривичен законик. Тоа е, дури се потрудив да прочитам во член 132, бидејќи Собранието врие од терористи, па очигледно дека нашиот министер ќе треба да покрене и акција за апсење на пратениците.

Меѓутоа, не знам дали ќе треба да почне од вашата страна, очигледно, тоа не се однесување за претставниците на СДСМ, туку дека терирістите, исклучиво со тие зборови, заради тоа што беше речено дека во Собранието имаме државен терор и терористи седат во централната ложа и десно, односно се наоѓаат во Владата. Е, за тоа *ќе* ви треба, колеги, докази. Заради тоа што, за да вие мене и сите мои колеги ги навредите дека се терористи, ќе треба да кажете со што сме терористи. Освен, со желбата дека ние уште со самото доаѓање на власт не ви се допаѓаме, меѓутоа еве граѓаните не избраа нас и тоа е желба на граѓаните и нашето седење овде е во функција на граѓаните, носењето на закони. Меѓутоа, единствената желба на СДСМ уште од далечната 1998 година и тоа што ги држи во кохезија е дека секој два месеци во оваа држава ќе има предвремени избори и дека конечно ќе се вратат на власт. Ништо друго во оваа држава, барем со досегашните ваши активности, па дури и влегувањето во власта, не ни докажаа дека вие навистина сакате да направите нешто добро во државата. Кога бевте во власта, тогаш не знам дали имаше насилство, заради тоа што очигледно молчевте за тоа што се служува конкретно, еве во Министерството за здравство. Па, се случија реваншистички навреди, реваншистички сменувања уште од првиот ден кога дојде министерот под името правиме нов тим, нови соработници, но за тоа не рековте ни збор. Во Министерството за одбрана беа сменети буквално сите луѓе кои работат, а беа вработени, што по договор за дело, што со огласи, околу 700 вработувања, меѓутоа, тоа не беше терор ниту на државната администрација, ниту на граѓаните, тоа беше исполнување на вашите партиски задачи тогаш во Република Македонија беше очигледно многу подобро, како што вие цените, заради тоа што бевте во Влада. Па, во еден момент излеговте од власта, сметајќи дека сте ги завршиле сите работи што биле во интерес на државата, а колку што гледам и досега се уште се пука, за жал. Се уште во Република Македонија имаме кревок мир, се уште немаме можност комплетно да поставиме контрола над целокупната наша територија односно да го вратиме суверенитетот на територијата на цела Република Македонија, а вие еве веќе сметате дека сте си ја завршиле вашата задача. Според тоа, паѓаат во вода сите ваши заложби дека во оваа држава Вас ве

интересира што и како се случува и дека сакате да помогнете. Нормално е дека сакате да се вратите на власт. Тоа е, се разбира, желба на секоја опозициона партија, меѓутоа, не се нормални методите со кои што тоа сакате да го остварите, бидејќи факт е дека СДСМ никогаш не добил регуларно избори и тогаш да воспостави власт на територија на Република Македонија. Во 1990 година тоа го направивте после експертската влада, што значи дека беше спречен обидот на тогаш најбројната партија да ја направи владата. Во 1994 година беше случен големиот изборен фалсификат, за кои што одредени учесници отворено зборуваат за тоа, а во 1998 година признавте дека изборите, ВМРО-ДПМНЕ, односно изборната коалиција ги доби на регуларен начин. Според тоа, нормална е вашата желба, ако не на избори, барем на друг пат да се вратите на власт и тоа сите ваши мотиви и сите ваши, практично чекори, зборуваат во прилог на таа теза. Сега сакам сосема накратко да се осврнам на настаните кои што се дадени во информацијата, а реков сосема кратко, меѓутоа, успешно и фактографски, заради тоа што Владата не сакала да се впушта во никакви политички елаборации во врска со настаните, туку тоа го остава на нас пратениците, бидејќи еве вие баравте таква информација.

За она што се случи во Охрид. Јас му благодарам на МВР што ми достави форо документација од тоа што сите пратеници, не само ние, можеби беше грешката наша, еве ја користам можноста за тоа да се извинам што ние предвреме сами се послуживме со фото документацијата, и покрај тоа што имаше писмо и сите беа доставени во ист момент во Собранието и тоа можеа да го сторат и други пратеници односно службата требаше да ги подели на сите. Така што, она што велевте дека е од нашата влада и за нас, е од Владата на Република Македонија и достапно на сите пратеници на Република Македонија. Овде се вели дека имаме, како што вие тврдите, желба за оружен напад односно обид за напад на партиските простории на СДС. Како што ја имаме можноста точно од документацијата да видиме, точно е дека е фрлено шише, не навлегувам во тоа дали е молотов коктел или не е, не се разбирам, факт е дека истиот не бил запален. За да биде обид за напад, требало да биде запален, а ако бил запален, верувам дека ќе букнела целата просторија. Меѓутоа, еден податок што мене ме буни и би било добро овде да го објасниме, дали тоа шише е фрлено во вашите простории или во простории на кафеаната Сердарот, сопственост на Вељаноски Ило. Доколку, Општинскиот комитет е регистриран заедно со оваа кафана и доколку кафаната е партиска сопственост, а вие рековте дека немате никаков партиски имот, на Општинскиот комитет, тогаш ќе поверувам дека коктелот е фрлен навистина или е направен обид да се сруши просторијата или да се запали просторијата на СДС. Меѓутоа, мене не ми е познато дека при регистрацијата на вашите простории, формално е регистрирана и кафаната. Ако тоа ви е пракса низ цела Република Македонија, заендо со општинските комитети, да имате и сопствени кафеани во ваше власништво, би требало да знаеме, за да знаеме за што расправаме. А, од друга страна пак, ако Собранието во овој момент треба да расправа зошто е фрлен, условно велам, повторно велам не навлегувам дали е молотов коктел или не, на кафеана, кафеаната Сердарот сопственост на Вељаноски Ило, тогаш ќе треба да го замолиме министерството, еве тука е и министерот, да направи една информација за сите молотови коктели, за сите искршени флаши, кои што биле направени на сите угостителски објекти на територија на цела Република Македонија. Бидејќи, факт е дека во овој момент во Република Македонија кафеаните можеби не се можеби пристојно место во кое што можете да отидете со семејството. За жал, насилството е навистина присутно, меѓутоа, не само таму, присутно е и во други кафеани. Затоа, ќе треба да се изјасните дали кафеаната е ваша сопственост или е приватна сопственост, а не да правиме инсинуации од типот тоа било фрлено таму, ама се отишло горе. Оти, тој што ја фрлил, не знам кој е, и не знам дали е припадник и чиј е човекот, воопшто не е важно, тој е граѓанин кој што треба да си одговара, апсолутно не ме интересира дали е партиски ориентиран или не е, кој е и што е и веројатно министерството во тој правец истрагата ќе оди да го пронајде оној што тоа го направил, и соодветно според нашите закони да го казни. Меѓутоа, ако е кафеаната, а не вашите простории, бидејќи дефакто тоа не се, тогаш неминовно ќе треба да уследи информацијата што ја барав, бидејќи не може некој сопственик да биде повластен, па за неговата кафеана да расправа едно

Собрание и да троши пари од граѓаните цели два дена.

За случајот со Теарце. Во овој момент, навистина во Република Македонија имаме многу кревок мкир. Во овој момент приоритетна задача на сите нас е по мирен пат да воспоставиме суверенитет на цела територија на Република Македонија. Мене ми е многу мило што, еве, и Министерството за внатрешни работи и министерот и сите наши практично лидери заедно со претседателот Трајковски, Меѓународната заедница, по тој повод наоѓаа успешен јазик, тоа да го сторат сосема успешно. И можам со задоволство да констатирам и покрај бројните провокации, при што мислам и на запалената куќа на еден претставник вчера во Опаје, која што била дури и реконструирана од страна на Меѓународната заедница, дека се наоѓаат можности тоа да се стори на заедничко задоволство на сите граѓани, без оглед на нивното етничко потекло и да се градат кревките мерки на взаемност, на толеранција и меѓу живот и соживот што постои во овој момент во Република Македонија.

Јас искрено жалам за тоа што му се случи на г. Павле Тодоровски. Меѓутоа, не знам кому му служат вашите инсинуации, кои се уште не ги утврдила истрагата, дека г. Павле Тодоровски е претепан од луѓе кои се маскирани и зборувале на македонски јазик. Па, зарем вие не знаете дека луѓето кои зборуваат на македонски јазик, знаат и албански јазик односно се случува и обратно, дека и албанците зборуваат на македонски јазик и дека ако некој сакал истрагата да ја скршне во спротивен правец, можел тоа и намерно да го направи, со цел да создаде тие мерки на взаемност и толеранција, уште во старт да бидат уништени. Е, сега, она што ни се случува на теренот со АНА, очигледно дека некому му одговара. Меѓутоа, цело време за тоа се обвинува ВМРО-ДПМНЕ. А, дали ВМРО-ДПМНЕ е, или се тоа вашите соопштенија соопштени од луѓе кои што имаат високи хиерархиски позиции, кои што до вчера беа дури и министри, кога беа во опозиција устата им беше полна со насилства, а кога требаше не да протежира терор, туку кога требаше на бојното поле она што го зборуваа јавно да го направат, очигледно не можеа или не беа храбри да го направат, па сега треба да сеат нервоза, треба да сеат омраза и треба за сеат желби за нетолеранција и не соживот меѓу македонското и албанското население. Затоа, вие треба самите да си погледнете меѓу вас и да кажете кои тоа во Република Македонија и помага во напорите на АНА во овој момент во Република Македонија да нема мир. Што се однесува до настанот во Прилеп, многу сосема кусо образложен, меѓутоа, можеби за пофалба со МВР реагирало брзо, а можеби и случајот бил лесен, ги нашло сторителите на делото, луѓето признале и рекле зошто тоа го направиле. По вчерашниот говор на вашиот претставник, јас се потрудив да видам дали во информацијата некаде се споменати дека ромите го направиле тоа. Верувајте, јас апсолутно не се срамам од моето потекло, ниту пак ми паѓало на памет некого да го гледам ако направил криминално или прекршочно деание што е по националност, па да ги обвинувам за тоа сите други. Меѓутоа, јас видов дека во информацијата на Владата не стои кои луѓе што се по националност. Не можам и не сакам и да настапам пламено како господинот Амди Бајрам, апсолутно луѓето го прекршиле законот и за тоа треба да си одговараат.

Меѓутоа, очигледно е дека некому му се допаѓа да живееме во Орвелово општество, па не да видиме што луѓето дефакто направиле, што луѓето си признале и зошто го направиле тоа, туку, како што беше овде истакнато, тешко дека нарачателите или луѓето сами го направиле тоа, па ќе треба да побараме кој стои зад нив, заради тоа што не ни се допаѓа, сепак, луѓето си го признале дејството, па да кажеме дека го направиле во името на некои и во името на нешто. Очигледно, Орвел од 1984 година навистина не е далеку. Заради тоа што, дури и тие што признаваат, не признаваат, не е точно, треба да ги бараме во нешто подлабоко, треба да ги бараме во ВМРО-ДПМНЕ, треба да ги бараме, како што Владата на Република Македонија вчера беше речено во луѓе со бради и на луѓе кои имаат против нашата историја, што не е точно. Јас искрено жалам за настанот што се случил во Прилеп. Жално е што и порано се случувале вакви настани, кои што не знам дали до крај биле откриени или не откриени, треба да се откријат. Ние не сакаме и не можеме да ја избришеме нашата историја со гума, нема потреба да се појавуваат апологети во името на ничија партија, историјата не е партиска, историјата е заедничка. Меѓутоа, жалам што нечии однапред утврдени

инсинуации дека требало да не се открие сторителот на делото, дека требало да не биде тој што веќе признал, е направено. На крајот, најспорниот случај поради кој што можеби ова Собрание не требаше да расправа на денешнава седница, туку најрегуларно доколку една партија е така моќна, како што еве сега се протежира, иден победник на парламентарните избори, барем така се протежира СДС, требаше да си направи интерпелација, бидејќи тоа е единствен можен начин да се расправа со политички аргументи дали некој треба да биде на едно место, што направил во овој момент и што направил од 1998 година. Меѓутоа, очигледно, интерпелацијата или не можете или не сакате или ја чувате за подобри времиња, па ви годи тоа да го правиме преку една излитена форма на информација. Ве молам г. Поповски, јас вчера ве слушав учтиво. (Ова е реакција на дофрлувањата на г. Никола Поповски од место). Така што, доколку господата мислеа да направат интерпелација, можат да се приклучат на интерпелацијата на ПДП, можат да направат сопствена, што е многу пооригинално и подобро и можат да зборуваат, бидејќи очигледно 80% од нашето време овде беше потрошено за него. Што можам да кажам? Не ми паѓа напамет, навистина, со некои изјави кои што беа изречени од нашиот министер, да ги оправдам. Очигледно, некои луѓе прво зборуваат, па потоа размислуваат што кажале. Меѓутоа, не ми паѓа напамет апсолутно, ниту пак да прифатам лесно, како што тоа вие го направивте, како што, за жал, освен еден медиум ми се чини го прифатија дека некој има за право, па и мене да ме нарекува терорист. Знаете, колку е тешка квалификацијата која што беше изречена од страна на господинот Новковски дека меѓу нашите деца има терористи и тоа меѓу малолетни деца, уште потешка е квалификацијата кога возрасен човек и координатор на пратеничка група ќе ви каже дека сите вие сте терористи. Не знам дали само требаше ние овде да се појавиме, исто така, во маскирана униформа, како што тоа го направија децата и да си избереме еден претседател во името и делото на г. координатор Поповски. Заради тоа што, ако некој се чувствува за терорист, негово право е, јас не можам да му го одземам тоа интимно чувство, меѓутоа, не дозволувам, заради тоа што седам овде во Собранието и според мене и граѓаните ќе имаат можност тоа да го кажат, доколку има избори, си ја вршам работата за која што сум платена. Носам закони и доаѓам директно на седници. Според тоа, многу е лесно некои квалификации да бидат вака со полна уста изречени, а другите квалификации да бидат премолчени, затоа што се искажани од наша страна. Јас ќе се потрудам да имаме ист аршин и спрема едните и спрема другите.

Жалам за настанот што се случи во Неготино. Се согласувам со вас дека настанот можел да биде спречен, заради тоа што факт е дека таму навистина имало проблеми, дека проблемите не се од вчера.

Единствено што можам да порачам од оваа говорница е господинот Новковски да си ја прочита уште еднаш добро и темелно информацијата која што ја има направено Владата. Јас воедно жалам што таа не се совпаѓа со она што вие би сакале да стои, бидејќи се согласивте дека Владата напишала спротивно од она што го рече тој и откако ќе си ја прочита, ако не еднаш или повеќе пати, самиот да го направи тоа што треба да го направи, а тоа е да си оди од Министерството. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на госпоѓа пратеник Марковска Ѓулистана. За реплика се јавува пратенкот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Госпоѓата Ѓулистана неколку пати се осврна на мојата вчерашна дискусија дека јас сум ги обвинил пратениците за државен тероризам. Госпоѓо Ѓулистана Марковска, јас тврдам дека вие и вашата пратеничка група и вие лично, правите државен тероризам кога во ова Собрание седите 45 луѓе и кога гласате закони за кои немаате во тој момент мандат да ги гласате. Јас тврдам дека вие лично се однесувате терористички, кога вие лично притискате по неколку копчиња и картици кога гласате со својот глас за неколку пратенички гласа, затоа што тоа е спротивно на Уставот и е кривично дело. За тоа имаме и докази. Вие вчера ме понудивте да ги докажам тие и јас тоа ќе го докажам. Ние имаме филмски записи како вие со вашите раце лево и десно од вас гласате за по три картички кога се донесуваат закони. Вие можете со тоа да не се согласувате, меѓутоа, јас тврдам дека една пратеничка група заседава во Парламентот кога има 45 пратеници и согласно Уставот нема право ни да заседава за да носи одлуки, носи закони со кои ратификува меѓународни

спогодби, презема обврска да ратификува меѓународни дипломи од други држави во оваа држава, воведува даноци, усвојува буџети и уредува услови за живот на луѓето, а за тоа нема мандат, тоа е малку дури и повеќе од државен тероризам. Државниот тероризам не може да биде само фрлање молотов коктел од страна на владеачката партија врз опозиционата партија. Државен тероризам е кога вие гласате за неколку пратеници со своите прсти.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, му благодарам на пратеникот Поповски Никола. За реплика се јави госпоѓа пратеник Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Господин Никола Поповски, доколку ги прочитате последните измени на Уставот, доколку ги знаете, се разбира, бидејќи бевте прв поборник за промена на Уставот и рековте дека ние треба да го зграпчиме Уставот, ќе видите дека Собранието може да работи со минимум 40 пратеници односно дека кворумот не е причина истото да не работи. Кворумот е потребен кога Собранието донесува одлуки.

Според тоа, она што вие го потврдувате како државен тероризам, ќе треба навистина да го докажете. Меѓутоа, со тоа што потврдивте дека јас, меѓутоа и останатите сме државни терористи, не ве лишува и покрај вашиот имунитет, на кој што можеби сега ќе се повикате, доколку поднесам кривична пријава според вас, меѓутоа, делото нема да биде застарено кога ќе ви помине мандатот, да одговарате согласно член 132 за нанесување јавна навред мене и на останатите мои сопартијци пред целата македонска јавност.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на госпоѓата Ѓулистана.

Пратеникот Поповски Никола има повторно реплика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Госпоѓо Ѓулистана Марковска, вие не да не го познавате Уставот, туку се немате ни приближено до нормите на Уставот, заради кои морате овде да ги почитувате. Меѓутоа, јас да ве запрашам, дали сте спремни да поднесете писмен доказ дека веднаш ќе поднесете оставка на функцијата пратеник, ако јас во рок од еден час ви дадам телевизиска снимка, на која вие гласате за вашите соседни не присутни пратеници.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Дајте го тоа веднаш како изјава писмено, сега јас ќе ви ја доставам снимката и вие ќе си дадете оставка.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

По втор пат за реплика се јави г-ѓата Ѓулитана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Господине Поповски, мандатот го имам добиено од граѓаните, не од вас, писмените оставки можете да си ги побарате во вашата партија со цел да напрвите маркетинг како што правите, а писмените докази можете да ги докажете на суд, доколку тоа го направите, како што и јас ќе го направам бидејќи немам намера од Собранието да првам судница.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно за реплика се јави г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ова е трета деловничка можност и тука завршувам. Вашата изјава ја сметам за директен доказ дека вие вршите државен тероризам со тоа што донесувате закони кога за тоа немате уставна можност и дека гласате и за други пратеници кои не се присутни. Тоа значи дека во оваа држава некој носи закони кои создаваат финансиски, материјални и други обврски на граѓаните без за тоа да има уставен мандат. Тоа е тоа што го кажав претходно.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

По трет пат за реплика се јавува г-ѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Не сакам да спорам во врска со математичките познавања на г. Никола Поповски, меѓутоа, само сакам да му покажам дека имам две раце од кои едната ми служи за гласање, а очигледно дека до 61, кога еден закон станува валиден, ќе ми треба голема помош, а тоа се луѓето што седат позади.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор г. пратеник Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине потпретседател, почитувани колеги,Прво сакам да ви кажам навистина една лична исповест. Претпоставувам дека забележувате, во

последно време се поретко се јавувам на оваа собраниска говорница и искрено да ви речам навистина немам предизвик и губам желба да учествувам во една расправа која што сериозно одудира од она цивилизирано ниво кое што треба да го има Парламентот. Ве уверувам дека надвор луѓето се премногу загрижени и исплашени. Да ви кажам искрено, и како човек кога шетам слободно низ градот не се чувствувам пријатно, затоа што денес да се биде пратеник не е чест туку е срамот, особено после оној закон што го донесовме, Законот за пратеници, ве уверувам никој не не слуша, Парламентот дали малку се гледа, дали од една третина од тие луѓе кои на почетокот со желба да видат што од нивните иницијативи се прекршува во Собранието го уклучуваат копчето на телевизорот за да слушнат што се случува во Македонското Собрание. Затоа што изгубија и тие надеж дека од оваа куќа, од овој дом може нешто да се случи што битно ќе ја промени положбата на граѓаните, а и состојбата во државата.

Затоа, мислам дека не ни треба ова жестење, зошто овие отрови, зошто овие навареди и дисквалификации се кажуваат. Можеме ли ние како цивилизирани луѓе да разговараме за проблемите кои што го тиштат овој народ. Ако можеме, барем заради нашето поединечно достоинство да си го сочуваме, но и колективно како Собрание, јас со таква намера излегов на почетокот на оваа наша денешна расправа, ако можеме барем во таа насока да отвориме некоја расправа. Јас така го сфаќам парламентарниот дом и се обидувам честопати да се искажам, понекогаш понесени и од сопствените емоции ќе излеземе надвор и од нормално, но да го почитуваме она што другиот мисли, да не го навредуваме, ако сакаме тој исто така нас да не почитува и да не сослуша и ако можеме барем тогаш да создадеме простор за дијалог кој што ќе резултира со некој профит за државата и за граѓаните.

Во таа смисла, сакам да кажам само неколку зборови за темата што е на дневен ред. Јас слушнав од колегите многу жестока реакција, па еве и колешката Марковска пред малку кажа дека овие прашања не треба да бидат на дневен ред на Собранието, бидејќи имаме јасно поделена власт законодавна, извршна и судска и секоја од нив треба да си ги знае функциите и во рамките на овластувањата со Уставот да постапува. Тоа е така и јас оваа расправа не ја сфатив во смисла дека ние треба овде да ги превземеме функциите на извршната или судската власт, но како Собрание убеден сум во тоа дека имаме обврска да вршиме политичка контрола врз работата на Владата и тоа не се постигнува само со Интерпелации и гласање за доверба на Владата. Тоа се постигнува и со присуство на теми кои ќе отворат расправа за начинот на кој што власта ја практицира власта во Република Македонија. Да бидам искрен, кога како иницијатива пратеничката група на СДСМ покрена ваква иницијатива за овие четири теми, јас ги сфатив само како своевидна парадигма за начинот на практицирање на власта, на што ние ќе треба како пратеници сериозно да размислиме и јавно да укажеме, да се спротивставиме за да не ги трпиме последиците. За една таква наша обврска ќе го наведам и она што во Македонија се случи, најстрашното во последните години. Македонија беше во војна минатата година, беше во војна со терористи и јас тоа јавно го говорам често, Македонија ја изгуби таа војна, изгуби како држава. Ние сите се легитимираме како едно друго подрачје, како држава која што имаше перспектива, но сега мислам дека ни е многу сериозно нарушена. Тогаш исто така во ова Собрание разговаравме, предочувавме дека може такво нешто да се случи, но од власта, од луѓето не одговорија, не добивме таков импулс дека тоа ќе се провери, тоа ќе се спречи. Тоа се потцени, на тоа се погледна многу рамнодушно и последиците за државата и за луѓето се катастрофални, толку загинати граѓани на Република Македонија.

На тоа се реагира исто така многу жестоко и на една иницијатива за овие прашања кои што можат да имаат страшни последици по Република Македонија, доколку не одиме во пресрет на спречувањето на настаните, туку да ги лечиме последиците. Јас искрено не говорам само во името на пратеничката група туку говорам и како пратеник, не слушнав барем трунка самокритика, да се каже дека како пратеници можеме да вршиме контрола врз извршната власт, максимално во одбрана на нашиот министер. Кога велам министсер, зборувам за министерот на парламентарното мнозинство, бидејќи тие ја избраа Владата. Да се гледа само партискиот интерес, тоа е краткорочно. Ве уверувам дека нашиот партиски интерес, нашето секојдневно препукување, па ако

сакате и власта е менлива и многу менлива категорија. Утре можеби ќе се смени се, меѓутоа државните интереси и иднината на државата и идните поколенија, тоа е константа, тоа наша обврска како пратеници што треба да ја штитиме. Зошто толку болно да се прифати ако се изнесуваат аргументи дека некој министер не си ја врши работата во рамките на законот и не ја врши функцијата во согласност со Уставот.

Овие четири случаи според мене треба токму тоа да индицираат, на одговорност, повисок степен на одговорност или способност за вршење на една функција на еден министер, па ако сакате и целата извршна власт. Ќе почнам со ред.

Примерот со Теарце за нас мора да биде алармантен, затоа што е пртепан човек кој јавно признавал дека не е во политичка партиија, дека членува во една мешовита група, во една асоцијација во која се обидува да гради стабилни меѓуетнички односи на тој простор. Значи истепан е човекот, не мора да биде основната причина дека тој слушнал кого истепал, некој говорел македонски. Самиот чин на посегнување по личноста на човек што работи во асоцијација за консолидирање, за градба на толеранција меѓу себе на тоа флуидно подрачје мора да биде сигнал органите да дејствуваат многу ефикасно и многу брзо. Не е битно кој го направил тоа, но ефикасно да го откријат.

Вторито случај, фрлањето на молотовиот коктел во Охрид. Ве молам, ние имавме многу негативно искуство назад со години. Дали се сеќавате јавниот обвинител дали откри едно кривично дело кое што е врзано на релација меѓу политички односи на најкрупните политички партии во Македонија. Еве, и од претседателските избори 1999 година, јавниот обвинител ама баш ништо не откри до сега, а има многу аргументи за тоа што се случуваше. Значи, има многу негативно искуство кое буди лоши чувства дека не може и на тоа ќе се гледа рамнодушно и дека ова ќе се фрли во заборав, она што се случи таму, а тоа имплицира меѓу политички расправи до анимозитет, до нетрпеливост која овде сите нас не прави запалени партиски војници пред граѓаните, а не свесни и одговорни луѓе како пратеници кои имаме обврска да ги застапуваме. Ефикасно делување, нееднострано одбранување само на чинот дека станува збор за простории во кои е сместен Социјал-демократскиот сојуз, зашто тоа утре може да се случи на ВМРО-ДПМНЕ и веројатно ќе бидат сосема други реакциите. Можеме ли тогаш да погледнеме токму на нашата обврска во очи? Пак ќе подвлечам, не штитам никого, не сум штител ни минислгер од поранешната Влада на СДСМ кој што не постапувал по закон. Меѓутоа, сакам да пробудиме барем една заедничка колективна свест во одбрана на државните и националните интереси, ако сакате и долгорочните вредности, заштита на животите и имотите на луѓето.

Третиот случај, она што се случи во Прилеп, навистина пак ќе речам, немаме никакви докази да тврдам дека органот не си ја завршил работата како што треба, меѓутоа, буди многу негативни историски реминисценции. Многу историски реминисценции буди самиот чин што се земени за да се продадат на отпад бисти на револуционери, борци против фашизмот, апсолутно буди чувство дека тука нешто не е на линијата толку едноставно како што стои во информацијата на Министерството за внатрешни работи. И до сега, зарем тие луѓе старо железо или бронза не можеле да најдат на други простори, кои ги има толку во Прилеп и во Македонија. Нашле за старо да ги продадат токму бистите на борците кои се бореле против фашизмот и кои што ја задолжиле оваа македонска држава. Најдобрите македонски синови. Што мислите зарем не се упатени тие луѓе кои се тие на бистите? Чинот дека се рушат бисти на револуционери, на ослободители, најдобри синови на оваа држава, мора да пробуди чувство на одговорност кај сите и не може така да се поедностави, г. министре, навистина. Не може да се поедностави дека еве пронајдени се луѓето и случајот е завршен. Јас само ќе споредам, една компарација ќе направам. Вие лично за рушењето на плочата на Мара Бунева јавно соопштивте дека распишувате награда од 25.000 Евра за оној што ќе ја пронајде, но се извинувам прочитав во весниците, можеби не е точно. Но, за ова многу ефикасно, за два дена кажавте кои луѓе се сторители и дека тоа -толку рамнодушно, за вас тоа апсолутно не е битно, дали има подлабоки причини за да се истражува, за вас случајот е завршен. Ако така едноставно можеме да погледнеме, видете каква беше рекацијата. Нека не е точна оценката дека станува збор за политички мотив, но цел Прилеп, секој

добронамерен граѓанин стана на нозе во одбрана на достоинството на тој град, зошто тоа се случува.

Еве, четвртиот случај што е наведен во информацијата, тоа е за Неготино, вие толку едноставно одите во одбрана на министерот. Нема министер и меѓу нас нема човек што се бави со политика што е толку совршен за да не му се најде апсолутно никаква грешка во вршењето на неговата функција. И како кулминираше настанот во Неготино, како се случи да дојде до таква реакција на учениците и родителите во Неготино? Тоа не се случи преку ноќ. Подолго време тоа вриеше внатре и знаеше и јавноста и министерот пред се најдобро беше упатен зошто е реакцијата на учениците таква. Наместо на време да се реагира, да се спречи во корен да се сосече една негативна тенденција, министерот дозволи тоа да ескалира и да дојде до случај во кој се инволвирани толку родители и деца. Јас пак ќе кажам, немам никакви докази да кажам дека зад тоа не стои ама баш никаков политички мотив, дека немало и некои организирани, затоа што немам докази ниту за првото. Меѓутоа, самиот факт што реагира толку голем број на родители и деца мора да го натера министерот крајно одговорно да пријде во анализирањето и проучувањето на случајот, ако ништо друго, од морални причини, бидејќи професорката не е баш добро примена, да не кажам никакви квалификации нема, навистина детални информации освен она што го пишуваат медиумите, но барем за односот кон учениците не педагошки мораше да донесе решение да ја разреши. А министерот претпоставувам дека се плаши како вистински партиски војник а не како педагог, како човек што стои на чело на едно Министерство кое што се бави со најчувствителните и суптилни работи, создавањето на иднината на една држава, идната генерација, таков министер треба да биде полн со доблест, полн со разбирање, таков министер мора да зрачи со авторитет меѓу учениците и граѓаните, а не да биде мета поради сопствениот начин на практицирањето на власта од страна на мноштвото родители и деца. Истиот тој министер е во судир со сите во својата сфера, се судри со Универзитетскиот сенат, се судри со студентите, се судри со учениците, се судри со родителите и што треба уште да се стори да направи некој министер па да си оди од функцијата. Јас не знам кои се тие критериуми? Треба да убие некого? А да не се гледа апсолутно ништо колку и на кој начин во сферата ја компромитира политичкат партија која што стои некритички зад него и неговите постапки. Јас знам, министерот треба да се брани затоа што се брани една политика, една програма на една политичка партија. Меѓутоа се брани и достоинството на овој дом и нашето поединечно како пратеници, како Собрание што врши контрола пред работата на извршната власт. Барем тука да покажеме минимум пратеничка обврска, човечка обврска оние кои работат на штета на политичката партија на чија листа сме избрани во овој Парламент, да не го чини тоа повеќе. Барем од тој аспект, не станува збор за казнување и наспроти тоа, министерот излегува во јавноста, ги споредува децата, учениците со терористи. Ве молам, кој е тој педагошки чин во таа негова постапка, наместо да ги охрабрува сите деца и сите родители, тој оди таму и генерира криза, каде и да се појавил генерира криза. Можеби станува збор за програма, можеби станува збор за реформи на образованието. Меѓутоа, за да се направат реформи, треба да се направи програма за реформи, таа програма за реформи треба да биде резултат на едно длабоко политичко проучување на состојбите и да се излезе со конкретни мерки на реформи. Според тоа, минимум што требаше да си направи министерот, ако не сака бидејќи претпоставувам дека е соочен со многу проблеми внатре во партијата, да ја разреши директорката како пример, како не треба натаму да се раководи со учеиници, требаше да ја разреши директорката ако не сака да си поднесе оставка. А за неговата оставка нека цени токму оној кој што го избрал.

Според тоа, почитувани колеги, овие четири примери што се наведени овде да не ги оттргнуваме овде од вистинските опасности со кои се закануваат до колку не се сосечат во корен. А која е нашата обврска како пратеници - да укажеме на сите општествено негативни и лоши тенденции.

Затоа, очекувам оние заклучоци што како пратеничка група ги предлагаме кои одат во оваа насока, не во нечија дисквалификација, но во насока на создавање на критична маса во овој Парламент, можеме ли да се справиме со општествено негативни настани и нивните уште полоши импликации и последици. Претпоставувам дека ќе имаме уште многу. Сега е изборна година. Од тој аспект ние сметаме, колку почесто излегуваме на

говорница, многу повеќе придонесуваме за својата партија, ќе има сигурно и организирана политичка акција и организирани настапи овде во Собранието со многу пишани дискусии, но мислам дека не ни служи на чест како пратеници, ако сето тоа го чиниме само за заштита на нашите теснопартиски интереси, ако не гледаме критички на она што во државата генерира проблем. Конечно, со тоа ќе завршам, ова Собрание навистина треба да најде сили да создаде амбиент во кој ќе можеме како луѓе, како одговорни луѓе да разговараме, да ги предочуваме, да ги детектираме и да се договараме околу главните прашања кои сериозно ја нарушуваат и стабилноста на земјата внатре, меѓутоа, и нашата меѓународна положба како држава.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор г-динот пратеник Симев Вангел.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потретседателе, почитувани дами и господа пратеници, Не мислев да се јавувам. Поттикнат сум од поедини пратеници кои сакаат да бранат нешто што тешко може да се брани. Исто така, сакав да кажам неколку зборови, да не стојам по страна затоа што работам и парчето леб го заработувам во образованието. Да не се добие впечаток дека само двете партии, најголеми се заинтересирани околу образованието, поточно да не се добие впечаток дека еве, своите валкани работи ги искажуваат на оваа говорница. Од тие причини сакам да кажам неколку зборови. Се се врти околу двете партии. СДСМ ја окривува владеачката партија дека спроведува државно насилство. Додека ВМРО-ДПМНЕ ја окривува СДСМ дека директно се инволвирани во гимназиските немири во Неготино поради маркетинг. Не е мое да судам. Народот е доволно свесен и ќе пресече. Сакав да бидам конкретен и конкретно да зборувам за образованието.

Бидејќи во државата е се измешано и овој немил настан, убеден сум дека ќе добијам несакан тек. Нема да извлечеме некоја поука за никогаш повеке да не се повтори. Ваквите несакани настани само доведуваат до поделба на и онака поделениот Македонски народ.

Затоа прашувам до кога ќе ги делиме децата, до кога ќе ги делиме професорите и до кога ќе ги делиме граѓаните во Македонија? Дали има некоја сила или некој кој може овој Македонски народ да го обедини? Од тие причини најсреќен ќе бидам кога ќе се најде некој таков кој ќе направи напори или партија да го обидини овој Македонски народ. Обединети сме најсилни. Само така можеме да опстанеме бидејќи имаме многу непријатели. Никој нема право да си поигрува и да го злоупотребува образованието, а најмалку тоа право го има г-динот министер за образование г-динот Новковски, или директорката Бајатовска.

Родителите со право го поставуваат прашањето какви педагози ги воспитуваат и образуваат нашите деца? Си земам за право и јас да го прашам министерот за образование дали знае кој му го води образованието и каде го води образованието? Веднаш ќе одговорам не знае . Г-до пратеници, со немилиот настан во Гимназијата "Св. Кирил и Методиј" во Неготино се извалкани имињата на светите браќа и големите просветители Кирил и Методиј. Исто така се извалкаа и образовните институции како и името на нашата татковина Македонија на меѓународен план.

Кој е виновен за сето ова? Нема потреба од истрага затоа што образованието е под ингеренции на Министерството за образование. Во овој случај, првиот човек, министерот, не може да ја одбегне одговорноста. Ако министерот не поставеше погрешна личност, веројатноста ќе беше голем овој немил настан можеби да не се случеше, а убеден сум дека немаше да се случи, затоа што многу години наназад таков настан не сме имале во Неготино. Ако не ја познаваше доволно директорката, имаше можност да ја запознае и веднаш да ја смени по започнувањето на инцидентот, на самиот почеток да го разреши проблемот, Видливо беше дека директорката не е добродојдена за Гимназијата во Неготино.

Министарот Новковски беше должен да застане зад своите ученици, а тој застана зад директорката Бајатовска. Дури си зеде за право своите ученици да ги спореди со терористите на ОНА, грев невиден, посебно од еден министер за образование да искаже вакви тешки зборови за своите ученици. Сепак претера и се прецени г-динот министер во својата семоќ дека ќе ја затвори Гимназијата "Св. Кирил и Методиј", со образложение што не држи дека средното образование не е задолжително. Со други зборови за непослушните. Значи, ќе имаме средно образование само за тие што се послушни. Додека непослушните треба да ги вразумиме со затворање на нивните училишта.

По сето ова што се случи, ако малку министерот за образование имаше морал и доблест требаше веднаш да си даде неотповиклива оставка. Тоа се случува во сите цивилизирани земји на запад и исток. Само еден пример ќе наведам, иако постојат безброј примери. Во Јапонија кога министерот разбра дека неговиот заменик на нечесен начин присвоил пари, си даде оставка. Замислете си неговиот заменик. Кога присвоил пари министерот си даде оставка. А кај нас кога министерот е виновен не ја гледа и не ја признава својата вина. Кој треба да му ја каже?

Дали Гимназијата во Неготино спаѓа во воспитно образовните институции? Одговорот е да. Ако е така, а така е, како можело директорката Бајатовска да дозволи до тој степен да ескалираат немирите па за потоа да превземе уште еден погрешен чекор, повикувајќи го својот брат Органчо Тасев да заведе ред во Гимназијата. Ако се чувствувала неспособна директорката да спроведе воспитно образовен ред во Гимназијата, требала самата да си даде сотавка.

Братот на директорката, со 20-тина насилници, рекетари влегол во Гимназијата "да ја ослободи" заробената директорка и да ги вразуми непослушните ученици. Со насилнички начин да воспостави ред и правда во Гимназијата "Св. Кирил и Методиј" во Неготино.

Што се случуваше во Гимназијата, можеме само да претпоставуваме. Ќе наведам само она што имав можност да го прочитам во Информацијата на Владата. Тоа ќе го цитирам.

"Г-динот Тасев, со своите пулени влегол во директорската канцеларија туркајќи го насилно овластеното службено лице кое се обидело да го спречи - што е нормално. Непознатите лица, покажувајќи кој е закон во оваа држава, со физичка сила ги истерале учениците. Благодарение на полицијата не дојде до тепачка помеѓу професорите и рекетарите на г-динот Тасев.

Г. Тасев ќе изјави дека неговата сестра била четири часа малтретирана, плукана, пцуена, удирана и влечена за коса"

Само колку да ве потсетам г-да пратеници, од страна на овластено службено лице и било понудено, нивна помош, на директорката, со помош на овластеното лице да ја напушти директорската канцеларија и училиштето, бидејќи постои можност тој немил настан да се прошири и да не биде причина директорката , таа требала да процени и да го напушти училиштето. Директорката покажала "храброст" и останала во училиштето, што придонело овој инцидент да добие несакан тек.

Ако стварно била плукана, како што изјавува нејзиниот брат таа не само што не заслужува да биде директор, замислете си директор во образовна институција да биде плукан од своите ученици. Незнам што треба да направи. Мислам дека ова е прв ваков случај во нашата држава. Туку се прашувам како понатаму таа истата директорка ќе работи со ученици, бидејќи имамвме можност да прочитаме од печатот дека таа истата директорка веднаш после овој немил настан и е понудено друго работно место во Кавадарци да работи како професорка или како директорка. Не навлегувам, не е ни битно. Самата директорка ќе се срами да влезе пред тие ученици и незнам како понатаму ќе воспостави ред пред учениците пред кои треба да се појави. Идол на секој ученик е професорот. Родителот не е идол. Кај децата идол е професорот и учителот. Затоа ги употребуваме зборовите воспитно-образовна институција. За жал тие зборови тешко дека ќе можеме понатаму да ги повторуваме ако ни се случи уште некој ваков инцидент. Исто така , директорката многу лесно можела тоа да го покаже ако се упатела на лекар и извадела лекарско уверение, како што децата тоа го направија. Да видиме кој е виновен, дали стварно децата ја влечеле за коса и ја удирале или се тоа невистини. Во тоа не сакам да навлегувам, затоа што постојат лекарски служби што тоа можат да го докажат.

Уште ако на сето ова се додаде самоволието на директорката со разрешување на тројца професори поради непослушност, прашувам -каде е правдата?

Благодарение на учениците, тројцата истакнати професори се вратиле на работа и се добива впечаток дека правдата е во децата, во учениците, затоа што тие успеале да ги вратат своите професори, своите почитувани професори. Децата, ако не ги почитувале своите професори немале да застанат и да бараат нивно враќање. Со самото враќање министерот ја признава својата вина.

Дека имало големо незадоволство во Гимназијата "Св. Кирил и Методиј" во Неготино доволно сликовито покажуваат снимките што имавме можност да ги видиме на телевизиските екрани каде децата масовно протестираа и бараа директорката да си отиде од ова училиште, да биде

заменета со друг директор. Незнам што толку директорката настојувала да остане по секоја цена ако констатира, ако гледа дека децата не ја сакаат и професорите, бидејќи сите професори, буквално сите професори застанале зад учениците и беа спротивставени на директорката.

Незнам човек, ако не е пожелен и ако не е сакан, како може да опстане и да работи во такви училиште и во таква средина.

И за крајот, каде е хуманоста на министерот и директорката кои не најдоа време да ги посетат повредените деца во болница или во нивните домови. Г-до, без разлика дали некој ми е пријател или комшија, не дај боже дете , како можам да не одам да ги посетам во болница или во нивните домови. Тука ќе направеја голем гест и ќе покажеа голема човечност. Сношти имав можност да гледам на телевизија со еминентни универзитетски професори, ученици и професори во средни училишта кои зборуваа за етиката. Незнам во Гимназијата во Неготино дали има професор кој може да предава етика и како ќе се појави пред тие ученици да зборува за етиката. Благодарам за вниманието.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Вангел Симев.

Има збор г. пратеник Талевски Александар.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван претставник на Владата, почитувани пратеници, Ќе земам учество во дискусиите и тоа баш онака како што е и точката на дневен ред. Имено ,денеска имаме итна седница по барање на СДС во врска со случувашата во Прилеп, Неготино,Теареце и Охрид.

Имено, она што мене најмногу ме мачи е тоа што не можам да се одвојам од мислата дека овде има еден мошне опасен начин на поврзување на некои работи заедно за да се добие впечаток дека во оваа дежава, малтене државниот терор чука на било која врата, дека припадноци на одредени политички партии завлегуваат во фашизам итн, итн. Конкретно, со Информацијата на Владата за случувајната во Прилеп, мислам дека ние како Собрание и јас како пратеник е недостојно да дискутираме за тоа дека некој ги украл бистите, со тоа сакал да се здобие со противправна имотна корист и тн. и тн. МВР ги открива сторителите, ги имаме овде со име и презиме, со адреси и тн, но и понатаму имаме дискусии што е поентата на чинот на уривање на бистите. Навистина, се согласувам дека чинот на уривањето на бистите неможеме да го толерираме како крадење на старо железо или бронза. Но, во никој случај не смееме да си дозволиме да нам , на припадниците на ВМРО-ДПМНЕ некој, па дури тоа бил и моите колеги од СДСМ ни лепат етикети од типот дека одредени политички структури, така е кажано, не реагираат никако во однос на чинот на скрнавење на нашите големи синови, на големите борци против фашизмот.

Дури во воведното излагање на координаторот на пратеничката група е кажано дека само слеп човек неможе да примети дека насилството над спомениците во Прилеп од фашистичката војна се само продолжена рака на една политичка филозофија што го промовира тој систем , против кој тие луѓе ги дале животите и својата врвна доблест. За мене, како пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, апсолутно не постои поголема навреда од оваа што ја цитирам.

Сакам да подвлечам следново, сето тоа се совпадна со поставување на спомен плочата и нејзиното кршење на Кејот "13 Ноември". После тоа, тоа беше поврзано со фашизоидни насоки на тие што ја поставиле плочата и тн. Да, уште пред воопшто да почне да се размислува за ставање на точка на дневен ред за итна седница во печатените медиуми и во електронските медиуми во РМ, за кои не сакам да шпекулирам дали се или не се под влијание на овие или оние политички партии, се појават написи дека тоа е одговор на бугарофилите и фашизоидните луѓе за кршењето на плочата.

Ја користам можноста да изјавам дека тие две работи апсолутно немаат допирна точка една со друга. На ВМРО-ДПМНЕ никако неможете почитувани колеги пратеници од опозицијата, да му препишете фашизоидно однесување ниту пак негирање на антифашистичката револуција во РМ.

Исто така на ВМРО-ДПМНЕ не можете да му препишувате дека ние, како политичка партија , сите тие достигнувања на тие наши македонски синови ги негираме во крајност. Само за потсетување, бидејќи очигледно во политиката по некогаш е потребно краткото памтеше да ги потсетам моите колеги пратеници дека минатиое 2-ри август, на Илинден , денот кога е одржано Заседанието на АСНОМ, првото заседание на АСНОМ премиерот на државата, конкретно, потенцирам претседател на ВМРО-ДПМНЕ беше да чевствува празникот токму во

Манастирот "Прохор Пчински". Ако се сеќавате почитуваи пратеници, тој таму беше и како премиер и како претседател на ВМРО-ДПМНЕ да одаде чест на тоа случување.

Како можете да поврзувате едни со други работи навистина,не ми е јасно сем од тоа што значи мирис на избори во РМ. Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ тогаш, на чествувањето на денот на Заседанието на АСНОМ одржа еден од своите подобри политички говори токму таму. Бидејќи очигледно тоа се сака да се заборави за да може да се накалеми фашизоидно однесување на влаедачката партија, затоа тоа никаде не е потенцирано, дури е вложен голем труд тоа да се заборави.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**(Продолжение)

А да не зборуваме за една од историските посети на Прохор Пчински, далечната 1990 година која што ја организиравме токму ние и токму таму за да го оддадеме нашиот почит спрема тоа случување, спрема првото заседание на АСНОМ.

Затоа ве молам, најдлабоко ве замолувам не како пратеник, не како член на ВМРО-ДПМНЕ, Ве замолувам како човек да внимавате кога некого обвинувате за непочитување на анти фашистички херои и т.н.

Во тој период големи полемики се кренаа, како иницијална капсула беше чествувањето на Панахидата на Мара Бунева. јас од овде ќе го кажам следното.

Почитувани колеги пратеници ако ние организираме Панахида во чест на нашиот херој Страшо Пинџур, на пример кој што е убиен во Центарот на Скопје, бидејки тогашниот затвор бил веднаш до Собранието сигурно во првите редови ќе ме видите и мене и членовите на ВМРО-ДПМНЕ. Така да ве молам немојте да ни препишувате некои работи кои што апсолутно не држат. И Ве молам, со тие навреди ако можете да ги лимитирате своите силни политички желби и да не ги поминувате оние граници кои што значат страотни, пред се човечки навреди. Толку би имал да кажам во однос на случувањата во Прилеп.

Во однос на она што е најголем проблем и според мене каде што има место за дискусија во еден парламент, тоа се случувањата во Неготино бидејки другите сепак мислам дека ја немаат таа специфична тежина да еден ваков висок форум заседава за нив.

Имено случувањата во Неготино неколку години наназад односно неколку месеци наназад ни се мошне јасни. Јас на почеток на моето излагање за да не предизвикам одредени реакции сакам да потенцирам дека директораката Бајатовска е разрешена. Разрешена е поради сето она што се случи во Неготинската Гимназија, сакам да потенцирам дека чувствувам големо несогласување со сите тие што кренаа рака на учениците. Исто така сакам да потенцирам дека ми е многу жал за сите оние ученици што биле физички малтретирани и им посакувам што побрзо да ги надминат сите проблеми. Но, исто така сакам да потенцирам дека во оваа држава има институции на системот. Една од институциите на системот е Министерството за внатрешни работи. Министерството за внатрешни работи не е на Владата не е на ВМРО, МВР е Министерство за внатрешни работи на Република Макеоднија. Ако ние имаме таков сомнеж према информациите што ги добиваме, па дури е направен и мал преседан за да бидеме што поубедливи ние поделивме и фотодокументација и ако од сето тоа не прифатите дека тие 17 луѓе што насилно влегле, што ја заслужуваат целата осуда, ја имаат и мојата осуда се пријавени, против нив се поднесени кривични пријави и сето тоа е веќе во рацете на Јавното обвинителство кое што во овој момент го повикувам да си ја заврши што поажурно својата работа. Во овој момент за да биде политичкиот поен што поголем се продолжува со нападите, се негира работењето на Министерството за внатрешни работи и се оди се повеќе и повеќе кон негово негирање што впрочем ќе го видите кога ќе дискутираме за третиот дел, а тоа е случувањето во Теарце. Ќе се обидам да ги поврзам тие работи за да доловам што се сака да се постигне.

Значи да се навратиме на случувањата во Неготинската Гимназија. Факт е дека целиот настан е за осуда. Факт е дека директорката е сменета. Но исто така факт е дека Министерството за образование на чело со минситерот Новковски правеше жестоки обиди состојбите во таа Гимназија да се средат. Имено уште во текот на минатата година поради инволвирање во разрешувањето на состојбите во Неготинската Гимназија беа потсекретарот за средно образование под чија што дирекна надлежност е Гиманзијата и државниот секретар за образование кој

што исто така ја има оперативната моќ за разрешување на тие проблеми. Јас сум длабоко уверен деа во пратеничката група на СДСМ многу убаво ги знаат сите полуги на власта со кои што раководи било кое минситерство, а особено Министерството за образование. Малку ми е чудно од логична гледна точка, но сосема е јасно од политичка гледна точка зошто се прескокнуваат првите главни луѓе во чии што раце се наоѓаат инструментите за решавање на проблемот, а тоа се потсекратарот за средно образование и државниот секретар. Затоа Ве молам да ја имаме во предвид целата работа, сигурно и Министерството за образование во своите постапки ќе ги осуди и веќе ги осуди тие работи, веќе ја смени директорката се надевам дека сите оние што направиле било какви пропусти ќе бидат сменети. Имам длабоко убедување дека ова е нешто што апсолутно не смее повеќе да и се случи на РМ.

И повторно со една мошне интересна политичка дискусија имаме поврзување на овој настан со владеачката политичка партија поради тоа што министерот од владеачката партија, па хулиганите се од владеачката партија и т.н. и т.н. Ние од ВМРО-ДПМНЕ сме длабоко уверени дека некои луѓе со своите постапки апсплутно немаат место кај нас, така да Ве молам немојте да ги извлекувате глобалните заклучоци ВМРО-ДПМНЕ е политичка партија што воведува државен терор. На крајот на краиштата ќе Ви потенцирам дека можеби братско системските релации се многу посилни од партиските релации, така да можете да ги анализирате на тој начин. Ако најдете доблест да можеме да ги одвоиме политиката од случувањата, на пример во Прилеп или во Неготино и оние што се огрешиле од Законот по истиот тој Закон со посредство на Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство да си одговараат за тоа јас мислам дека тоа ќе биде најдобар придонес да се надмине онаа состојба што еден пратеник ја потенцира, да се излезе надвор и да се живее во Република Макеоднија.

Следува Теарце, состојбата за страотниот настан, настан за секаква осуда, настан кој што го осуди секој обичен човек во РМ. Тоа е претепувањето на г-динот Павле Тодоровски. Замислете во тие некои нивоа на општествено однесување г-динот Павле Тодоровски беше член на Здружението на Месната заедница Теарце за надминување на состојбите. Се случи негово претепување во неговиот дом во село Теарце. Јас ќе Ве потсетам на начинот на известување на неколку медиумски куќи, некаде парафразирам. Г-динот Павле Тодоровски кој што живее во Теарце член на Советот за надминвуање на меѓународните проблеми беше буквано претепан во својот дом од луѓе кои што зборувале макеоднски. Тоа се поврзува со неговите жестоки заложби за мирен соживот и враќање на бегалците во даденото село. Потенцираа дека тој храбар човек цело време на кризата бил дома и т.н и т.н.

Впечатокот што се оставаше од таквиот начин на елаборирање на одвратната случка во Теарце требаше да иницира и очигледно иницираше инволвирање на некои државни органи, инволвирање на некои подземни структури кои што под налог на владеачката партија, дури се одеше и до таму, по налог на министерот за внатрешни работи одат и го претепуваат г-динот Павле Тодоровски во неговата куќа зата што тој имал одредени забелешки на планот на г-динот Бошковски и т.н.

Тоа е една страотна конструкција од која што и сега кога зборувам од ова сигурно место, како што е Парламентот се ежам. Не помина долго време се откри дека тие луѓе се некои униформирани луѓе, некои припадници на други националности и дека тоа нема врска со некои структури од макеоднскиот екстремен дел, како што сакаше тогаш да се покаже. Па дури има индикации за вмешаност на одредени луѓе кои што се припадници на меѓународните мисии што ни помагаат овде.

Што правиме сега почитувани колеги од СДСМ? Целата пропагандна машинерија вклучена да се докаже дека тоа е дел на екстремниот , на македонскиот екстремизам во насока и цел на предизвикување на меѓуетничка омраза, а тоа пак во насока на дестабилизација на состојбата, а пак тоа во насока на одложување на изборите во Република Македонија. Знаете секогаш кога е изборна година адреналинот во политичките партии се покачува, само доблеста на нас како политичари е таа тој адреналин да го контролираме. Не смееме, без оглед на политичките поени или политичките придобивки, некои работи не смееме да ги тераме така и во

таа насока. Тие многу повеќе ќе не чинат нас како држава Република Македонија.

Последното за што се бараше итна седница беше случувањата во Охрид. И таму имаме фактографски приказ, фрлање на шише од испиено вино Кавадарка, во кое што има течност со мирис на нафта, цитирам, иако моите колеги од СДСМ во ниеден момент не кажаа дека во Информацијата од Владата стои токму тоа. велеа дека било мирис на алкохол, дека ние сме велеле "де алкохол" , "де Кавадарка" , "де полу Кавадарка", а овде точно на четвртата страница стои дека од пронајдените остатоци од шишето се осеќал мирис на нафта. Тука јас апсолутно не спорам.

Прво, мислам дека политички е незрело некој предвреме да обвинува дека фрлените молотови коктели врз зградата на опозицијата, најверојатно се мисли дека во иста зграда се кафејаната и штабот на СДСМ ги фрлаат припадниците на владеачката партија најверојатно иритирани поради тоа што пред ден два во Охрид се одржува трибина на нивната партија. Веднаш на почетокот јас ќе го осудам овој акт, како и било кој акт на насилство во РМ, но во истиот момент во никој случај нема да се сложам дека тој акт атхок осуден дека е извршен од припадник на владеачката политичка партија која што сака да го запали седиштето на Општинскиот комитет во Охрид. Ве молам, такви шпекулации се мошне опасни , особено во Охрид бидејки веќе во меѓупартиските реалции имаме некакви проблеми во Охрид, но најдлабоко Ве замолувам како колеги да ми помогнете со своите информации од каде што ја црпите сигурноста дека тие луѓе се припадници на владеачката партија. Јас тие информации да ги употребам и од овде да побарам од министерот за внатрешни работи што побрзо да го расветли случајот бидејки имаме едно незаконско дејание, имаме фрлање на шише во некоја кафејана која што се наоѓа во приземјето во зградата каде што е Општинската организација на Охрид. Па најдлабоко ги замолувам колегите да го изнајдеме сторителот и да одговара онака како што пропишуваат законските одредби на законите на Република Макеоднија. Не можете на таа основа да градите теза дека сигурно бил припадник на владеачката партија, затоа што кафаната е под вашето седиште затоа токму таму го направил што го направил. Ако влегуваме во доза на шпекулација, што мислам дека нас како пратеници не ни доликува, а особено не им доликува на оние што се на повисоки нивоа како координатори на пратенички групи јас можам да Ви кажам дека превирањето во Општинскиот комитет на СДСМ во Охрид се мошне големи, несогласувањето на членовите на Општинскиот комитет е исто така мошне големо. Не сакам да шпекулирам, но таму имаме она што се сака да се постигне со негирање на Извештајот на МВР за случувањата во Прилеп, во Теарце и во Охрид е да се постигне ефект на девалвирање на државните институции, институциите на системот. Значи, на овој начин некој сака да постигне девалвирање на институциите на системот во РМ односно ВМРО-ДПМНЕ од кое што девалвирање фактички произлегува државен тероризам, вовед во фашизам и т.н. и т.н. Девалвацијата на институциите на системот е многу голема ако таа девалвација ја водат главните опозициони партии.

Јас повторно ќе апелирам до моите колеги пратеници да сопреме со девалвирањето на институциите на системот. Треба да се свати дека институциите на системот, институциите на РМ не се од ВМРО-ДПМНЕ, не се од никој друг, туку од државаата, од Република Македонија. Затоа би апелирал да бидеме внимателни кога искажуваме така тешки навреди, така тешки обвинувања за кои што во исто време немаме апсолутен доказ.

На крајот, потикнат од некои реплики и дискусии во врска со злоупотребувањето на гласањето јас би прашал дали некои од СДСМ исто така гласа за повеќе луѓе и ние имаме исто така филмски доказ за тоа дали координаторот на пратеничката група ќе поднесе оставка.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Александар Талевски.

Има збор госпоѓицата пратеник Радмила Шекеринска.

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Најпрво би сакала да сугерирам три процедурални предлози или сугестии кои што нестигнав во текто на вчерашниот ден да ги дадам до претседавачот на седницата.

Првиот предлог е во оваа сала малку погласно да го вклучуваме озвучувањето бидејки очигледно е дека еден дел од пратениците спијат и кога случајно ќе се разбудат сметаат дека се наоѓаме во 1990 година или 1992 година, 1994, или пак 1998 година. Заборавaат

дека денеска сме 2002 година и години изминаа од нивното владеење и се она што го зборуваа 6 години во текот на владеењето на СДСМ има напола толкав период од 3 години да го докажат пред соодветните државни органи.

Втората сугестија која што мора да ја дадам до сегашниот претседавач на оваа седница е ако може да воведе ред со делењето на документација или материјали за седниците на ова Собрание. Имено седницата вчера ја започнавме со два вакви материјали кои што гласат: "Информација за настаните во Прилеп, Неготино, Теарце и Охрид" од Владата на Република Македонија, а вториот беше некое дополнување. Тие им беа поделени на сите пратеници. Дискусијата по оваа Информација веќе беше започната, кога одеднаш некои пратеници, не подеднакви, туку специјални, поспецијални од останатите излегоа со некои други информации кои што апсолутно на никој не му беа познати. Тоа беа овие плави папки од фотодокументација од Министерството за внатрешни работи кои што мистериозно им беа достапни само на неколкумина пратеници во ова Собрание.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

Во текот на денешниот ден дознавме како тоа се случило. Еден од нашите колеги спомена дека тие сами се послужиле со документацијата на Министерството за внатрешни работи. Ако нашето Министерство за внатрешни работи вака едноставно им дава дури и на пратеници да се послужуваат со документација, јасно ми е зошто државни тајни излегувааст пред македонската јавност. За да сега во текот на денешната дискусија добиеме информација од некои од пратениците во своите дискусии дека дел од овие поделени информации не се целосни, туку дека тие имаат и некои други информации во кои што пишува нешто сосема различно од официјалните по-делени информации. Ако Владата смета дека Собранието треба да добие информација, тогаш таа информација треба да им ја даде на сите пратеници. А ако смета дека парламентарното мнозинство е специјална вид, или сорта во македонското Собрание, тогаш нека ни го соопшти па да се снаоѓаме и ние на соодветен начин со документацијата од Министерството за внатрешни работи.

Третата работа можеби е општа процедурална забелешка која што секој пат треба да ја упатиме на ова Собрание, меѓутоа, мислам дека сега е најизразена потребата. Претпоставувам дека претседавачот, или претседателот на Собранието треба на влезот во оваа сала и на самата говорница да ни стави натпис на кој што ќе стои: "Влегуваш, или излегуваш, или застануваш пред говорницата на сопствен ризик". Заради тоа што седниците во последно време на македонското Собрание личат на се само не на собраниски седници заради тоа што се претворија во исклучиво серии на лични дисквалификации и навреди кои што апсолутно немаат врска ниту поткрепа со било какви аргументи. Наместо аргументи слушаме лични навреди, наместо дискусија апсолутно примитивни караници се со цел дополнително да се дискредитира ова Собрание. Ако продолжиме на ваков начин да функционираме препоставувам дека потребата од вакви седници од ден на ден се повеќе ќе се намалува. Токму поради тоа претпоставувам дека сите пратеници кои што ја искористија шансата да зборуваат по оваа тема ја почнаа својата дискусија со дилеми, лични, поединечни, интимни можеби кои што си ги поставивме пред да се подготвуваме за оваа седница. Дали воопшто вреди веќе да се дискутира во ова Собрание? Дали воопшто ни е потребна ваква, или поинаква седница. Дали оваа седница им е потребна на пратениците? Дали им е потребна на опозицијата како што некој сака да наметне? Дали и е потребна на Република Македонија, дали му е потребно на ова Собрание? Дали воопшто постои потреба за загриженост,за нервоза, за вознемиреност, за аларм. Можеби државниот врв е во право кога сака не само во оваа прилика, туку и генерално да не релаксира или можеби не да не релаксира, туку да не пасивизира и да ни ги подели новите со апчиња за смируваше кој што ќе ни каже дека се се ова само поединечни меѓусебно независни инциденти кои што како што би рекол премиерот Георгиевски едноставно ни се случуваат. Заради тоа мислам дека е потребно да си ги поставиме тие прашања пред да дискутираме или во тек на нашите дискусии и да видиме дали се работи навистина за инциденти како што некој се обидува да ни каже, дали се работи за поединечни и независни меѓусебни инциденти, како што исто така некој се обидува да не убеди. И клучното прашање дали овие инциденти ни се случуваат или овие инциденти се создаваат. Ако ова Собрание успее да даде одговор на овие прашања денешнава седница ќе биде успешна. Ако не успее како милион пати досега тогаш ќе се сложам со тезата на еден

пратеник дека ова Собрание само безпотребно ги троши парите на даночните обврзници. Меѓутоа, ќе додадам дека тоа ќе биде вина на оние кои што по незнам кој пат ќе одлучат да ги затворат очите пред македонската стварност. Јасен е ставот на македонската опозиција дека не се работи за инциденти, дека не се работи за изолирани случаи и дека тие не се некоја временска непогода која што едноставно ни се случува без наша вина. За жал сметаме дека тие се само надворешна или најизразена или изразена во последно време манифестација на едно многу покрупно сценарио на една стратегија на која честопати досега се плашевме да и го изговориме вистинското име.

Сепак би почнала со анализа на дел од овие случаи поединечно за да видам дали може да се квалификуваат сите тие со некој заеднички именител. Честопати на оваа говорница мислам во најголемиот дел од дискусиите беше споменуван таканаречениот случај Неготино. Јас тука нема да се сложам со најголемиот дел од моите колеги, апсолутно не мислам дека се работи за случај или скандал Неготино. Неготино беше само прашање на избор каде ќе се случи, дали ќе се случи во Неготино, дали ќе се случи во Битола, дали ќе се случи во Штип или во Скопје. Беше само прашање велам на време и прашање на место. Она што е проблем, скандал и случај е дефинитивно континуираниот скандал кој што три години ни виси повеќе или помалку на врат на ова Собрание наречен министерот Новковски и беше само велам прашање и на време и на место кога тој ќе експлодира и која цена ќе биде платена притоа.

Министерот Новковски, вие ќе се потсетите исто така иако сте дел од парламентарното мнозинство уште од самиот почеток на својот прв мандат беше извор на проблеми со кои што се занимаваше Собранието. Уште во првата интерпелација на министерот Новковски изјавивме цитирам: "министерот Новковски сите реформи во образованието ги сведе на кадровски чистки во подрачните единици на Министерството и во основните и средните училишта. Од денешен аспект можеме да констатираме дека тој свој проект тој целосно заврши. Тој и понатаму цитирам, во оваа сфера ги напушти принципите на стручност и компетентност, а го воведе оној за партиска припадност и послушност јавно изјавувајќи дека се пресметува со своите политички неистомисленици. Од тој период датираше изјавата која што вие во од ја занемаривте во која што тој кажа: не разбираат дека војната е завршена, а дека тие се поразената страна и дека треба достоинствено да си одат на друго место. Во оваа држава министер за образование ни беше и ни е човек со целосно нездраво разбирање не само на политиката, туку особено на образованието, човек кој што е очигледно во патолошка потрага по непријатели, по некоја друга страна со која што тој војувал очигледно осум години и која што смета дека на парламентарните избори ја поразил. Таа своја идеолошка војна за жал министерот Новковски со вашето гласање во ова Собрание доби дозвола да ја продолжи и во училишните ходници. И таа идеолошка војна заврши во целосен судир со сите,со ученици, со родители, со професори, со Универзитет, со опозиција, со целата македонска јавност. Во тој период некој друг беше главниот непријател на Новковски освен се разбира резервниот проблем опозицијата. Тогаш Новковски ги идентификуваше учениците опфатени со програмата "пекснас" и нивните родители за свој непријател број еден. Тогаш ќе се потсетите дека велеше дека тие му пречат на неговиот образовен процес. Според него тие деца беа конфликтирани со целото општество. И внимавајте тоа го вели истиот тој министер кој што успеа да се скара со сите. И дека нивните протести биле некоја српска свадба, без разлика што значи тоа. Уште тогаш министерот Новковски покажа дека аргументи и различни мислења, дијалог, или некои други демократски придобивки би рекла се апсолутна непознаница за него. Уште тогаш споменавме дека тврдоглавоста и осветата се лоши човечки особини, меѓутоа недозволиви министерски карактеристики. Кај Новковски тие три години се правило без кое не се може. После целата таа серија скандали, после сите тие конфликти со секого во кои сите останати освен себе ги идентифкуваше за виновни, ова исто парламентарно мнозинство со неколку исклучоци, значи вие и господинот Георгиевски во својство на премиер на Влада го амнестирате. Вие со гласање решивте дека тој и понатаму треба да остане министер. Со тоа веќе одговорноста неможете да ја задржите на ниво на министер Ненад Новковски. Дотогаш тој носеше одговорност за своите дела, тогаш тој носеше одговорност за своите одлуки и своите постапки. Меѓутоа, како што секој човек е одговорен за своите дела, така секој пратеник пред се е одговорен за својот глас. Вие тој глас во континуитет му го давате на Новковски. Кога ќе гласате за избор, или поддршка на ваков

министер, тогаш станувате негов соучесник дури и во настаните како што се настаните во неготинската гимназија. Новковски ја разбра целосно вашата порака. Вие му кажавте дека ова, или тоа, е однесувањето и политиката која што треба да се продолжи и која што ја заслужува вашата целосна поддршка. Ако тој во случајот "пекснас" ги осудуваше децата и тоа помина во ова Собрание и вие тоа не го осудивте, зошто сега во Неготино тој да не ги тепа. Тој или неговото протеже директорката Бајатова. Денеска за жал и вчера го повторивте речиси истото однесување па велите: "доколку имало тепани, доколку имало рекетари, оние кои што биле истепани немале докторски решенија, оние кои што имале докторски решенија имале решенија заради тоа што докторите биле изманипулирани, или ставени во служба на опозицијата и тн.". Денеска вие ја праќате следната порака, бидејќи децата не се на интензивна нега, немаме проблем. Се додека тепачката завршила по вас на мали повреди, тоа не е проблем. Пораката на ова е дека министерот Новковски може и понатаму да продолжи со тоа што го работи. Навистина очекував дека некој ќе се разбуди вчера и денеска, дека ќе се разбуди и ќе разбере и ќе проговори за тоа дека во Македонија се тепаат деца малолетни испратени во училиште, дека во Македонија тие деца се тепаат во државни училишта, дека во Македонија се тепаат деца во државни училишта по налог на државен службеник, по налог на директор на средно државно училиште. Во Македонија се тепаат деца во присуство на полицијата која што можеби повеќе, можеби помалку била не набљудувач, во Македонија се тепаат деца по директива на општински локални моќници, моќници која ја држат партијата на власт. Велевте не е на позиција во вашата општинска организација. Според неговото интервју тој е потпретседател на ВМРО-ДПМНЕ во таа средина. Во Македонија се тепаат деца по директива на општински моќник на партијата на власт кој што патем е и директор во едно јавно претпријатие. И тие деца во Македонија исто така се тепаат од страна на платеници кои што се вработени во јавно претпријатие и за кои што плаќаме во сметките за струја меѓу другото и за нивната плата. Државни службеници тепаат деца и тоа не е доволно да се разбуди ова Собрание. Според некои во ова Собрание напротив оваа Инфорација треба да ја оставиме на страниците за црна хроника и да се надеваме дека некој од нас тоа ќе го забележи листајќи кон ТВ програмата. Тепаат деца, а македонското Собрание останува смирено, никој не се возбудува, никој не се потресува. Денешната седница да ве потсетам не е заради тоа што вие побаравте за тоа да се зборува, денешната седница не е поради тоа што вие побаравте оставка на министерот Новковски, денеска вие можете да кажете колку пати сакате дека одговорноста треба да ја понесе Новковски. Меѓутоа, вие бевте првите што требавте таа одговорност од него да ја побарате. Каква беше реакцијата на тие што овие деца по Уставот и законот треба да ги штитат. Премиерот по правило молчи и нема време да се занимава со тоа. Собранието се чуди дури вчера и денес зошто толкава врева се крева околу еден вака сепак мал случај. Единствено зборува главниот виновник министерот Новковски кој што не во стилот на она: зборува малку, ама зборува глупо, туку во стилот на: зборува малку, ама кога зборува не ја зборува вистината, продолжи да ја дезинформира јавноста практично до денешниот или вчерашниот ден. Можеби министерот Новковски можеше да излезе во јавноста и да каже дека е шокиран од тоа што се случува во Гимназијата во Неготино и дека веднаш по своја иницијатива ќе ја смени директорката, да побара можеби прошка од родителите чии што деца учеле во едно такво училиште во кое што директор повикува тепачи да ги тепаат учениците и тогаш во тој случај министерот Новковски сепак ќе носеше одговорност за својот пулен кој што инсистираше да го постави и инсистираше да остане практично до денешен ден на оваа позиција. Препрочитувајќи ја интепелацијата за Новковски која што ја поднесовме во 1999 година забележав дека еден од случаите кои што ги пишавме како проблематични уште во тоа време од министерувањето на министерот Новковски е токму случајот со Неготинската гимназија. Во таа гимназија Новковски го смени претходниот директор кој што имаше извонредни резултати во работењето, го смени директорот кој што беше наградуван не само во Македонија, туку и од страна на странски држави заради проекти кои што ги развивал во училиштето во Неготино и постави на чело на државна установа човек кој што не ги има ни основните квалитети неопходни за да работи со деца, а камоли да директорува со училиште. Тогаш, изборот на министерот Новковски беше проблематичен, сега е алармантен. Министерот Новковски дури ни толку не направи, не успеа дури ни да се огради од акциите или активностите на својата директорка. Партискиот генерал

целосно застана во одрбрана на партискиот војник и тоа безрезервно и без пардон.

Според министерот во првите неколку дена седум до десет дена од случајот, децата беа терористи. И тој така лесно даваше вакви квалификации и тоа за малолетни деца, а директорката беше жртва. Според министерот тепачите беа некои пријатели кои што случајно дошле да и помогнат, според министерот немаше повредени, според министерот докторите фалсификуваа документи, според министерот сите лажеа и учениците и родителите и професорите. Министерот успеа сите да ги обвини, министерот успеа да ја оправда својата директорка и себе самиот за да неколку дена после последната негова таква изјава добиеме информација од неговата Влада на Република Македонија која што ја поддржува неговото парламентарно мнозинство која што исто така него го избрала, добиеме информација во која што стои: непознати лица применувајќи физичка сила се обиделе да ги истераат учениците.

Второ, во училиштето дошле околу 17 непознати лица предводени од братот на директорката Орданчо Тасев. Му фалеа само функциите за да ни биде појасна ситуацијата. И трета клучна информација, во предметниот настан се повредени 17 ученици. Поднесени се кривични пријави за кривично дело насилство. Собранието значи доби информација од Владата на Република Македонија во која што се тврди дека секој, ама верувајте, секој навод на министерот Новковски бил лажен, неточен, невистинит, како сакате.

Владата со своја информација пишана и потпишана од премиерот тврди дека министерот лаже. Она што мене ме изненадува е што оваа информација ни беше поделена заедно со уште една друга информација од сличен тип, меѓутоа, на неа не беше придружено нешто што мислев дека е нормално Заедно со информацијата не беше поднесена нити оставка на министерот Новковски, не беше поднесена ниту одлука за разрешување на министерот Новковски. Значи, пораката која ја праќа Владата е дека лажењето не е проблем на оваа Влада.Министрите немаат одговорност за ниту еден јавно кажан збор. Дали овде вие од парламентарното мнозинство не гледате макар и мал проблем. Министерот лаже, Владата тврди дека лаже и министерот останува во Владата на Република Македонија.

Позитивно е што Владата излезе со информација во која што овие наводи кои што беа наводи на учениците на македонската јавност, на медиумите се потврдени. Она што недостасува во оваа информација и тоа мислам дека мора да се забележи е дека оваа Влада не кажува ниту што ќе направи понатаму, ниту кој ја носи одговорноста за тоа што се случува. Добиваме технички извештај во кој што се бележат податоците, во кој што се кажува дека 17 луѓе ќе добијат, или добиле кривични пријави. Меѓутоа, не се зборува за политичката одговорност која што некој мора да ја преземе во оваа ситуација. Тоа не е дури ни директорката која што немаше да биде сменета да немаше ваква реакција во јавноста, без разлика што денеска вие се обидувате целата вина на неа да ја префрлите. Вината врз нејзин грб беше само додека се случи настанот. Кога се солидализираше Новковски, тоа стана и негова вина. Кога вие денеска ќе се солидализирате, или се солидализиравте со него, тоа станува и ваша вина. Значи, ништо повеќе од набројување на настаните. Никаде не зборуваме за политичка одговорност, никаде не зборуваме за носење, или преземање на таа одговорност. Точно е дека неколку пратеници овде се оградија од ваквото функционирање на министерот Новковски, дури меѓу редови препорачаа кој да си поднесе оставка, или да биде разрешен. Меѓутоа, клучниот проблем е, вие ова не го направивте, вие гласавте за овој министер тоа да го направи. И вие продолжувата во континуитет дефакто да ја браните неговата позиција.

Се постави прашањето зошто СДСМ наместо со Информација од овој тип не излезе со интерпелација на Новковски. Колку што се сеќавам сеуште на седницата која што треба да ја продолжиме стои една точка на дневен ред: Интерпелација на министерот Новковски. Вие знаете но и ние знаеме дека таа интерпелација или нема да дојде на дневен ред, или ќе биде повлечена. Заради тоа што се работи за внатре коалиционен мир. Така што да престанеме со приказните околу тоа дека интерпелацијата можеби нешто ќе промени. Ако некој во ова Собрание имаше свест за тоа дека Новковски треба да биде одговорен и да се држи одговорен за она што го направи, таа интерпелација или тоа разрешување ќе го имавме веќе првиот ден после настаните во Неготино.

Една мала дигресија која што сепак ќе ми ја дозволите, министерот и премиерот кој што замижуваше на ваквите настани и замижуваше на ваквото поведение на министерот Новковски во

образованието припаѓаат на истата онаа партија која што во својата програма истакнуваше, а претпоставувам дека овој дел бидејќи се однесува на образованието го пишува можеби и лично сегашниот министер Новковски е следното. Природно е државата да има родителски однос кон младите. Денеска државата во име на родител на тие деца испраќа луѓе со безбол палки. ДПМНЕ вели програмата ќе води политика што ќе се заснова на принципот на почитување и заштита на интересите на македонските деца и младина во согласност со принципите на меѓународните спогодби. Денеска дознавме дека почитувањето и заштитата се врши со рекетари. Понатаму, вели програмата: изборот на директори нема да почива на партиска припадност, нема да почива на послушност, туку на критериуми преку кои ќе бидат валоризирани етичкиот лик на директорот и неговата способност за водење организиран процес во образованието во кое ќе доминираат воспитните и образовните вредности и стандарди. Да ве потсетам на клучните зборови кои што не се почитувани овие три години, партиска припадност, етички лик, способност, воспитни образовни вредности. Сето тоа три години го нема во Македонија и во македонското образование. Мегутоа, ние молчиме. Мислев дека кога ќе дојде до нечија свест дека во Македонија тепаат деца, ќе звони алармот за узбуна. Сепак, овде има и родители, има и луѓе кои што по функција би требало да бидат педагози. Меѓутоа, гледам дека залудна била надешта. И од тој аспект можеби оваа седница апсолутно не беше потребна. Наместо осуда, наместо одговорност, денеска повторно, или вчера добивме негирање на реалноста.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**(Продолжение)

Веќе чувме од некого дека доколку децата биле тепани некој треба да носи одговорност. Доколку, многу важен збор. Доколку спротивен на Информацијата на вашата Влада.

Понатаму слушнавме дека се инволвирани и од вашите пратеници чувме дека биле инволвирани доктори. Чувме дека не било проблем тоа што директорката тепала деца, туку било проблем што едниот од истераните професори, замислете, бил инороден македонец, небаре тој самиот го создал тој проблем само поради различната етничка припадност и на крај финализирање, чувме дека сето ова е во режија на СДСМ.

Ова беше подеднакво смешно како една од ВМРО-ДПМНЕ-овските дезинформации која беше објавена преку билтенот "Вечер" во која стоеше дека во Неготино сите проблеми почнале откако јас во својство на пратеник, подпретседател на СДСМ сум била присутна во Неготино во понеделник за да го иницирам проблемот. За жал, на "Вечер", во тоа време, во тој момент и во тој понеделник бев некаде илјадници километри далеку од Неготино па не можеше да се продолжи со таа теза инаку претпоставувам дека некој од колегите ќе ја споменеше дека сето тоа било диригирано од некои личности од СДСМ.

Меѓутоа, очигледно е дека ниту овој случај никого не загрижува, очигледно ми беше дека ако Неготино никого не го загрижува дека настаните во Охрид, Прилеп, Теарце нема ни апсолутно да ве допрат. Во Прилеп се слушна дека тоа било едноставно криминален настан кој бил во режија на некои луѓе кои сакале само да профитираат од тоа, меѓутоа, не се кажа следниот дека тоа не е изолиран пример, дека во Прилеп и прилепско се уништувани исто така споменици, а кога *ќе* уништите нешто не може да се надевате дека тоа ќе го продадете после тоа. Исто така не беше спомнато дека ова уништување на споменициte коинцидираше со устоличување на некои нови споменици, на некои нови според некои херои на нашето далечно или поблиско минато. Кога ќе го гледате случајот во Прилеп како изолиран можеби ќе можете да најдете три илјади и едно објаснение кои немаат врска со политиката. Меѓутоа, кога ќе видите дека во Македонија во континуитет се спроведува политика која најблаго речено ја проблематизира нашата историја, кога ќе видите дека некои луѓе и од ова Собрание присуствуваат на опевање на некои антихерои, тогаш веќе ништо не можете да го гледате како обичен криминал за кој некој ќе треба да одговара.

Во Охрид настаните ги објаснувате на ист начин, имам целосен (де жаву филинг) на ист начин на кој што ја објаснувавте аферата со прислушкувањето. Ќе се потсетите дека фазите беа идентични. Во прв момент кажавте дека прислушкување немало. Се сеќавате тоа беше она време кога тврдевте дека листовите хартија се бели, а касетите се касети со забавна или народна музика. Одкако хартиите покажаа дека имаат и те како интересна содржина, а дека касетите содржат и текст, тогаш ја сменивте приказната, тогаш рековте дека има прислушкување, меѓутоа дека тоа прислушкување го организирал некој за да на крај тој некој стане СДСМ. За жал, ваша, а не наша, на оваа говорница излезе вашиот

премиер Георгиевски и кажа дека навистина царот бил гол, меѓутоа дека не се срами заради својата голотија, туку дека е бесен заради тоа што некој му ја соопштил. Вашите приказни во тој момент запреа, меѓутоа гледам дека сега повторно ги пуштате само за друга тема. Повторно во Охрид ништо не се случува, повторно било тоа некое шише кое за некој е шише со вино за друг е шише со вино со мирис на нафта, за трет е молотов коктел.

На пример во оваа фотодокументација (ја покажува документацијата) стои некој изглед на делови од скршено шише и изглед на налепницата на истото, во информацијата стои дека се забележувал мирис на нафта, некој од вас тврди дека тој мирис бил мирис на вино, мегутоа за разлика од оваа информација која се однесува на случувањата во Неготино каде покрај фотографијата на преврвтен голф стои дека тој голф е преметнат од ученици, што не се гледа на фотографијата и не знам како може ваква фотодокументација да се дели, овде гледаме само шише и не стои кој го подметнал, не стои што е неговата содржина, не стои какви можеле да бидат последиците од тоа шише и тн. и тн. Можеби е точно тоа што го спомна некој пратеник, вие имате уште дополнителна информација која ви тврди дека ова всушност не е молотов коктел, туку некој бил нервозен и сакал или да го казни сопственикот на ресторанот или да ги казни некои колеги од СДСМ. Можете да ги затворате очите пред реалноста, можете да го опишете настанот и во Охрид и во Прилеп и во Таерце како едно од сериите незгодни случаеви, несреќни случаи, меѓутоа, македонската јавнсот веќе знае за што се работи. Нашето одбивање да зборуваме за работите со вистинското име не поминува веќе.

Во Теарце беше споменато од страна на еден пратеник, а не слушнав дека некој го демантира, дека информациите тврдат дека се работи за лица кои не биле етнички македонци, значи не биле македонци, туку од друга националност дури и дека биле странци. Тоа во оваа информација на Владата го нема. Дали да очекувам дека во текот на денешната седница ќе ни поделите уште едно плаво материјалче и ќе кажете дека сега имаме нова информација. Дали во оваа информација стои одговор на прашашето дали Министерството за внатрешни работи излегло на терен и извршило увид. Кои се резултатите на тој увид, дали се овие кои ги пишува во информацијата или тие што ги тврдат пратениците кои очигледно немаат ексклузивен пристап до информации од Министерството за внатрешни работи и тн. Можеме да дискутираме за овие теми поединечно и можеме да влечеме кој бил повеќе виновен во ситуацијата во Неготино, кој бил повиновен во Охрид, кој бил вистинскиот виновник во Прилеп, меѓутоа тоа не е поентата. Вие не случајно бегате од таа поента. Поентата е дали ова можеме да го наречеме со името кое ние го споменавме или не. Дали е ова дел од државниот тероризам? Дали е ова државен тероризам? Апсолутно немам дилеми дека е ова еден многу мал дел во последно време една многу јасна изразена манифестација на она што ни се спроведува пред наши очи во изминатите три години. Ова е само еден негов дел, ова е само дел можеби најмалиот на сантата лед, меѓутоа Титаник потона заради тоа што сметаше дека сантата е само тоа што се гледа на површината, а не гледаше дека тоа што е под површината е многу поопасно и многу поголемо. Во Македонија државен тероризам не се спроведува од пред еден месец. Тука ние немаме дилеми. Во Македонија државен тероризам започна да се спроведува во моментот кога прв пат луѓе настрадаа, погинаа на избори. Во Македонија државен тероризам почна да се спроведува кога министерот за внатрешни работи не може да се воздржи на седница на Собрание да слуша (ова е упатено до министерот за внаттрешни работи затоа што дофрла од место), па наместо тоа дофрлува.

Во Македонија ни се случи државен тероризам не кога за прв пат се фалсификуваа изборите, туку кога ова Собрание го аминуваше тој фалсификат. Државниот тероризам ние го видовме од 1999 година наваму. Државниот тероризам беше проблем со кој се обидувавме да го натераме ова Собрание да не се занимава. Меѓутоа вие си седевте, скокавте, се каравте, контриравте, дебатиравте можеби, најчесто се смеевте и најчесто аминувавте. Затоа носите одговорност за овој државен тероризам.

Македонската јавност веќе се прекрши за разлика од ова Собрание и работите ги нарече со вистинското име. Денеска веќе не е новост ако некој излезе во јавноста и каже дека на Македонија и се случува тоталитаризам и никој не се потресува, продолжува муабетот во Собранието. Денеска никој не се вознемирува ако некој каже дека на дело е авторитарен режим, денеска никој не се возбудува ако некој каже дека

демократијата во Македонија е убиена, денеска во Македонија никој ни во ова Собрание не се потресе кога некој спомна дека во Македонија на дело е фашизам. Некој ќе рече дека се пресилни овие зборови, се согласувам, да ми кажеше некој во 1998 година дека ќе зборуваме за фашизам во Македонија ќе сметав дека е паднат од небо, дека во Македонија такво нешто не виреe. Меѓутоа, ако ги анализирате сите елементи ќе видите дека претпоставките, условите и елементите на фашизмот се веќе присутни. Започна се како и во Германија со целосна партизација на општеството. Партијата стана носител на државата. Партијата стана центар на светот-Партија ги носеше одлуките, партијата ги менуваше одлуките. Продолжи со обиди за отстрел на опозицијата и внатрешна и надворешна. Се случија расколи во партиите кои учествуваат во власта, притисокот беше насочен против оние што се обидоа да мислат поинаку.

Опозицијата СДСМ, меѓутоа и мал милион други партии беше во текот на цели три години под целосен притисок. Ни се случија недемократски избори во континуитет. Денеска никој веќе не се потресува кога ќе кажеме дека 80% од граѓаните на оваа држава не веруваат во фер и демократски избори. Не веруваат во мирен трансфер на власта. Нели е тоа проблем со кој ова Собрание треба да се занимава. Нели е проблем кој треба да не разбуди од овој тригодишен сон?

Отстрелот на опозицијата не беше доволен, мораше да се оди на замолчување на јавноста. Заради тоа ова Собрание неколку пати носеше одлука дека нема проблеми во Македонија, дека нема проблеми со демократијата, дека нема проблеми со изборите, дека нема проблеми со притисокот врз опозицијата и медиумите, се е како што треба. На сето ова се додаваат и условите во кои живееме. Сеопшта економска и социјална беда, корупција и криминал кое престанува веќе да биде сканда. Кога во една држава ќе се каже дека се еродирани моралните и етичките вредности, тоа значи дека не дека нема скандали, ќе се случуваат и коруптивни скандали и криминални скандали, тоа во ниедна држа-ва не е избегнато. Меѓутоа, дефинитивно можете да констатирате дека во една држава е целосно уништена етиката и моралот во политиката кога веќе нема скандали заради тоа што веќе денеска не е скандал кога ќе се појави информација во медиумите дека некој пратеник или дека некој министер отуѓил 11 или 13 милиони ДМ, тоа се подразбира, веќе не е настан за кој дури ни дискутира ова Собрание кога некој од нашите колеги ќе успеат фирми кои биле вредни наводно три милиони ДМ да ги купат за 700 илјади ДМ, никој не го поставува прашањето како можела наеднаш таа фирма толку да поефтини и никој, што е најважно, не го поставува прашањето од каде на нашите колеги толку пари. Во оваа држава веќе нема скандали, во оваа држава веќе нема афери. Ги листаме весниците и се навикнуваме дека 10 работи не бомбардираат од еднаш.

Она што мислам дека се додава на целата слика се таканаречените повиди за лажно државно единство. Велам лажно заради тоа што овие повици ги упатуваат оние што надвор тепаат, а внатре говорат за единство. Така единство не се гради. Единство не се гради не само со спречување на тепаше на деца, туку и со спречување на таков однос кон опозицијата, кое е правило, ние не се зненадуваме од тоа.

Велат дека фашистите не знаат да дискутираат, па заради тоа тепаат. И јас се согласувам со тоа. Директората не можеше да ги победи учениците, нивните родители, ниту професорите со аргументи, да имаше аргументи ќе излезеше еднаш пред медиумите, а немаше да го праќа својот брат близнак, значи не можеше со аргументи да ги победи сите тие незадоволни, па затоа испрати некој да ги истепа.

По мене ДПМНЕ во Охрид не можеше да се одбрани со аргументи, па заради тоа овозможи или реализира напад врз канцелариите на СДСМ.

Силни антимакедонски структури не можат да однесат победа со аргументи во ревидирањето на македонската историја па и нејзината бугаризација, па затоа ставаат едни, а рушат или кршат други плочи и тн. Апсолутно немам илузии колку денешната седница беше потребна толку таа е некорисна. Некорисна е заради тоа што ова Собрание покажа дека не реагира во вакви ситуации. Не мислам дека овие дебати имаат поента. Не мислам дека ова Собрание ќе може да излезе од досегашната шема на неговото функционирање. Собранието до сега докажа само две работи. Дека има должност да биде глуво и слепо и дека единствено нешто што одлично знае да го прави е да молчи. Убиства, криминал, тепање, притисоци, умирање на демократијата ништо тоа не може да го вознемири нашето Собрание.

Демократијата ретко или речиси никогаш не се убива од заседа.

Во Македонија нема да ни се случи некое сабајле да се разбудиме и некој на државните медиуми да ни соопшти дека од денеска веќе нема демократија. Тоа не се случува. Поинаку обично во Македонија одат работите. Посуптилно, поопасно, поефикасно. Полека ќе се навикнуваме на упади во демократското ткиво, полека ќе стануваме разочарани, ќе стануваме уплашени, ќе стануваме очајни за да на крајот станеме рамнодушни. И така ќе умре демократијата во Македонија.

Првата фаза на ова убиство на демократијата не е од заседа веќе помина. Во ова Собрание демократијата не живее. Демократијата во Република Македонија е под целосен оган и спасот не треба да го бара апсолутно од ова Собрание. Пред 10-15 дена во Македонија тепаа деца, а ова Собрание ќе продолжи по старо. Мислам дека тоа ја дава вистинската дијагноза наша и на Собранието. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на госпоѓица Шеќеринска.

(Господинот Александар Флоровски бара реплика).

Пред да ви дадам реплика или на некој друг збор, бидејќи работиме веќе три часа непрекинато, давам пауза до 16,30 часот.

(Седницата прекина во 15,00 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,00 часот)

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јавува г-динот Александар Флоровски, бидјеќи пред паузата бараше реплика.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Со репликава ќе ви одземам повеќе време, ако ми дозволите, бидјеќи сите овие овие обвинувања кои според Шеќеринска држат, а според мене не држат, треба да се одговори на некои работи кои успеав да ги забележам и кои се интересни дас се продискутираат. Но, ме ѕачудува една работа, а тоа е омразата која ја покажува кон нас како дел од сопствениот народ, нарекувајќи не фашисти, а со тоа нарекува 320 илјади гласачи на ВМРО-ДПМНЕ по 1998 година дека се фашисти. Штом гласале за фашисти, прифаќале фашистичка опција.Дали ќе сноси утре консеквенции, утре ќе налета на некои од тие фашисти, тоа е веќе нејзин проблем не е мој проблем. Нема никој право, сопствениот народ, макар и дел од тој народ да го нарекува дека се фашисти.

(Интервенција од место на г-динот Ханџиски).

Господине Ханџиски како вие би се чувствувале да ве нарече некој дека сте фашисти. Прво, не е во генот на македонецот такво нешто разбирливо ми е, на пример Љубе Бошковски да не го сака АНА, ОНА, но вака да се однесувате вие г-ѓице Шеќеринска со омраза кон еден министер кој е македонец, од вашиот род а истото и кон нас го покажавте, ме заплашува, да не кажам не застрашува. И еден од вашите колеги пратеници од СДСМ тоа не го направи. Тоа е една страшна констатација. Веќе се прашувам која ќе му биде иднината и судбината на овој народ со типови кои така размислуваат. Тоа е страшна работа. Немам право ниту Петковски, ниту Ханџиски ниту вас да ва наречам фашисти. Затоа што македонскиот народ, уште еднаш ќе повторам генетски не припаѓа таму. Тоа е страшна работа, но во своето докажување пред сопствениот лидер очигледно ве фатила еуфорија, но господ е тој кој простува, не сум јас.

Ќе почнам по ред. Неготинскиот дигнаа огромна прашина, оправдано или неоправдано. Претпоставувам дека консеквенциите сите тие кои дигнале рака на децата, ќе си ги сносат. Според тоа, постојат 17 кривични пријави и доколку е така, сметам дека треба да одговараат, без пардон, значи никој овде никого не брани. Поаѓам од себе, како јас би се чувствувал кога некој влезе и го тепа моето дете. Сигурно, нема да му останам должен, да ви кажам отворено, кој сака нека биде. Ниту сме го одбрале времето, ниту местото, каде ќе направиме глупости, туку вие г-ѓице Шеќеринска го одбравте местото Неготино и сакавте да продолжите кон Битола, со она што значат вашите цртани шеми. Тоа најотворено го тврдам.Колку што држи вашето толку држи и моето обвинување.

За терминот, доколку се тепани, кажавме дека има 17 кривични пријави и за мене работата е завршена. Дали министерот ќе си оди утре или не, ќе одлучиме ние сите овде во парламентот, или поведен од сопствнеото чувство може би ќе си даде и оставка. Тоа е негов личен проблем, не е мој. Секој одговара самиот за себе овде и пред македонската јавност.

Дека во Македонија се тепаат деца под директива на ВМРО-ДПМНЕ, морам да се прекрстам, таква небулоза во животот немам видено дека некој наредувал да се тепаат и тоа македонски деца. Да не

говорам дека и другите се деца и дека никој нема право да крене рака на децата, а најмалку некој да ги тепа сопствените деца, говорам за македонските деца.Вакви небулозни изјави во животот немам слушнато.

Малце кон историјата.

Ако Мара Бунева е херој, што претставува Велимир Прилиќ,херој? Она што се ставови на Кантарџиев дека со антентатот направила поголемо зло. Па имали поголемо зло од самото ропство меѓу двете светски војни кое србите го трасираа овде. Ако не ви се јасни некои работи дојдете ќе ви ги кажеме. Незначи дека размислуваме антимакедонски, бугарски, или бугарофилски. Но, не можете за некои работи да имате различни аршини. Држат вода, или не држат. Во случајот атентатот врз Прелиќ , барем за мене значи еден оправдан револт на македонското население за она што значеше српска тортура во Македонија. Но, ниту сум јас компетентен, а ниту сте вие компетентни, имаме историчари, фала му на бога, имаме МАНУ и тие се тие кои ќе го кажат и последнио тзбор. Може би не овие старите. Може би утре некои новокоптирани кои размислуваат македонски, непобедени од интересот на некои туѓи центри.

ВМРО-ДПМНЕ воведува државен тероризам? Ќе ви кажам г-гице Шекеринска, дека државниот тероризам е воведен во РМ, со случајот хард рок, ако добро паметите, ако добро се сеќавате. А знаете ли кој стоеше зад случајот Хард Рок? Лакистрајк кој денес не е присутен тука, за кој на широко пишуваа тука сите догашни медиоуми во една демократска влада предводена од една демократска влада наречена СДСМ, со еден или два медиуми, а денес нема демократија да има мал милион новини, електронски медиуми каде што секојдневно не плукате и денес нема демократија. Па за вашиот период, уште еднаш ќе кажам, Атентатот на Киро Глигоров. Имаме низа неразјаснети самоубиства и ликвидации.Па кој тогаш владееше. А денес не обвинувате дека во државата се случуваат убиства, самоубиства. Никаде не сум ни прочитал дека постојат такви работи. Ке излезете со име и презиме и ќе кажете кој ликвидира и кој е затворен од оваа власт.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам поминаа пет минути.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Само за момент г-дине потпретседателе.

Знам дека вие сакате демократија од типот на тоа што го пласира во сител Зоран Иванов, инаку хонорарец, додека министер за одбрана беше г-динот Бучковски, мозок на тоа стручно тело, нели, големиот воен стратег, бившиот ваш портпарол, во време на вашето владеење, што се надевам нема да се повтори, затоа што секаде катастрофално лошо поминувате. И послеедниот случај во Кичево, еден фудбалски тим собравте. Така да многу не се удирајте во гради. И ние имаме коњи за трка и немој да мислите дека при едни навистина демократски избори така едноставно ќе не победите, затоа што ВМРО-ДПМНЕ има константно гласачко тело како што имате и вие.

Фер и демократски и збори?

Па што беше тоа г-ѓице Шеќеринска фер и демократски избори. Ако се добро сеќавам во 1994 година и вие спроведовте фер и демократски избори. Системот на шетачи и класично лажирање со 61 пратеник на СДСМ, со 28 пратеника на ЛП, од тогашниот сојуз за Македонија. Што беше тоа прашање? Немојте приказни да ми кажувате, пуцки да ни продавате овде. Не сме ние вчерашни, памтиме, колку толку.

И уште една работа, околу демократијата.

Господинот Гошев е жив. На заедничкиот митинг не наредивте овде пред Собранието четири кордони полиција, два реда жици со висок напом и активирана специјалната единица на АРМ. За таа ли демократија вие ќе ни говорите и ќе ни говорите државен тероризам правела оваа влада на ВМРО-ДПМНЕ. Ако сакате сами да се залажувате? Тоа е прашање на вашиот ментален склоп. Немојте да мислите дека македонскито народ ќе успеете да го залажете.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Господине Флоровски поминаа веќе 7 минути.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Случајот Пауновски ќе има судска завршница.

Каде е случајот со Октоподот на Бранко Црвенковски, каде е се тие 220 милиони ГМ од Битола, каде е судскиот процес. Еден процес не завршивте и вие ќе говорите за криминал. Па вие сте генетски криминалци.

Вие сте генетски криминалци. На кого вие продавате пуфќи. Откако не исплукавте, не згазивте, говорите за македонско национално единство.

Па имате ли вие образ. Имате ли вие воопшто образ. Се што беше најлошо изнарековте на сопствните народ и вие ми говорите за македонско национално единство.Свестете се.Знаете ли вие каде живеете.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Господине Флоровски ви помина времето за реплика.

Ве молам не дофрлајте од место.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не, никого не сме убиле. Говорам така како што заслужувате затоа што од вас говореше омраза кон сопствениот македонски народ. Вие 320 иљјади македонски гласачи ги нарековте фашисти, г-гице Шеќеринска. Не сакам уште еднаш да ве слушнам да не наречете фашисти, а и никој од пратеничката група и никој од гласачите на ВМРО-ДПМНЕ. Немате право 1/3 од македонските гласачи да ги оттуѓувате од македонското национално ткиво. Но, за жал не сте само со зацементирани мозоци, туку имате и клонирани мозоци. Благодарам.

Нема повеќе да реплицирам затоа што било кој да стане од СДСМ, а претпоставував дека само Шеќеринска ќе стане не ја заслужува мојата реплика.

Благодарам господа ја напуштам седницата, не сакам да седам со луѓе кои ме нарекуваат фашист.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Процедурално за збор се јавува г-динот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Сакам да го замолам потпретседателот да ја води седницата деловнички, како што треба.

Ние имаме тема насилство, имаме тема државен тероризам. Имаме барања на опозицијата да се постави на дневен ред а барањето беше заради оценка на опозицијата дека во Македонија се случува еден тероризам. Сега некои мислат дека има, некои мислат дека нема државен тероризам и дебатата е всушност до таа мотиватизација, со тоа барање од страна на опозицијата.

Меѓутоа, ние овие два дена имаме тероризам говорнички, овде злоупотреба на говорницата, насилство врз говорницата и насилство врз оние кои што се повоспитани и покултурни овде во парламентот. Буквално насилтво затоа што 17 пати станува еден ист човек од вчера или некои други за да реплицира и тогаш кога е спомнат и тогаш кога не е спомнат, тогаш кога тој смета дека треба да одговара во име на целата своја пратеничка група итн. Такви деловнички одредби нема во тој деловник, таков каков што ни е. Сега, тоа се толерира. Пет минути реплика. Реплика е, ако е спомнат, ако пратнеичката група е навредена од друга пратнеичка група, координаторот се јавува во име на пратеничката група. Така е редот, договарано, практикувано итн. Сега, тоа се толерира.

Еве, јас сакам да ве замолам, да не не малтреирате со тоа. Сакам да го замолам претседателот да не дозволи такво малтретирање. Секој има нешто да каже и сите ние чекаме на ред да дојдеме и да кажеме.

Јас сега не зборувам за вистината и лагата. Затоа секој си има свој став, свое мислење. Некој искрено говори, некој не сака да говори искрено, некој ја искривува вистината, некој не ја искривува, некој помалку некој повеќе. За тоа суди мнозинството и затоа суди јавноста затоа се овие јавни седници што се пренесуваат од овде. Меѓутоа господине потпретседателе, сакам до вас уште еднаш дас ви сугерирам водете ја седницата како што треба. Навистина недозволувајте да не малтретираат по 17 илјади пати исти луѓе и кога имаат право да станат и кога немаат право да станат.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас ја уважувам интервенцијата на г-динот пратеник Петар Гошев.

Факт е дека не само еден пратеник туку мнозинството од пратениците кога бараат реплика зборуваат повеќе од пет минути. Значи не го почитуваат времето за реплика. Тоа не еднаш се случува. Има случаеви кога се нафрлуваат зборови од место па потоа тој натаму продолжува со дискусија. Јас им обраќам внимание на сите да го почитуваме тоа што е дадено со Деловникот затоа што тоа е од заеднички интерес овде на сите нас.

Исто така, сакам да го кажам и тоа дека е факт што Флоровски неколку пати, може би 17 пати се јави за реплика, но не реплицираше само на говорот на еден од пратениците, туку тој го почитуваше деловникот Три пати има право на реплика. Мислам дека тоа е запазено сега. Некој пат времето не се почитуваа но за тоа ние ви обраќаме внимание тоа да го почитувате сите. Несакаме некогаш да бидеме и погруби, може би тоа што е најсуштинсмко што сакате да го кажете да речеме во таа минути продолжение и ние сега да ве

прекинуваме. Но сепак сите сме свесни и сами треба тоа да го почитуваме.

За реплика се јавува г-ѓица Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:**

Колку што се сеќавам г-дине потпретседателе, и во вашето потпретседателствување во Собранието користевте некое копче кое вие овозможува доколку некој пратеник ги надмине петте минути да интервенирате, што значи не мора само да сметате на добрата намера на секој од пратениците туку можете да го практикувате она што го вели Деловникот. Меѓутоа, по правило се решавате тоа да го примените само кога говорат пратнеици од опозицијата, а кај г-динот не само Флоровски туку и кај други пратеници сте екстензивно широкоград.

Би сакала само два коментари по однос на овој обид з а дискусија со кој што Флоровски на некој начин се обидува, наместо, еднаш да говори да реплицира на сите во ова Собрание. Најрпвин, очигледно е дека тој е еден од оние пратеници кои одамна се нема разбудено во Собранието Три години го слушам како зборува за истите случаи, за хардрок за убиства, за самоубиства, за ликвидации и за што се не. Извинете, ќе се согласите дека три години се пристоен рок за неговата влада и неговата партија да излезат и со некои кривични пријави, како што поднесуваат за некои други работи и да ги расчистат овие случаи кои што ги користат само за политички дисквалификации. Бидјеќи три години тоа не се случи, нека не очекуваат дека македонската јанвост ќе ги прифаќа како аргументи кои што ке ги спротивставуваат на опозицијата.

Пратеникот Флоровски спомна дека јас сум кажала една небулозна изјава дека ВМРО -ДПМНЕ тепа деца. Наместо да се крсти г-динот Флоровски пред телевизиските камери нека чита, затоа што ако чита во информацијата ќе го прочита следното: " во училиштето дошле околу 17 непознати лица, предводени од братот на директорката Орданчо Тасев. Дали тоа е истиот Јорданчо Тасев кој што е потпретседател на организација на ВМРО-ДПМНЕ. Ако е тоа така, тогаш ВМРО ДПМНЕ односно еден нејзин локален моќник тепа деца или испраќа свои луѓе да ги тепаат.Дали госпоѓата Бајатова е човек кој што е директно поставен и одржуван на тоа место од министер во Владата на ВМРО-ДПМНЕ од ВМРО-ДПМНЕ. Што значи ВМРО-ДПМНЕ овозможува да се тепаат деца итн.

Што се однесува до толкувањето на историјата, ако сакам да се распрашам околу различни детали во македонската историја, секако нема да се обратам на бугарски студент. Има институции во оваа држава од каде ќе ги добијат вистинските информации. Меѓутоа дури и на страна информациите или тезите за различни толкувања на македонската историја има една разлика помеѓу менме и него. Јас не му дигам споменик ниту на Прелиќ ниту на Мара Бунева. Неговата партија и негови колеги тоа го прават. Тука, таа разлика тој не може да ја компензира. Што се однесува до обвинувањата за фашизам или омраза, јас незнам дали Флоровски или ВМРО-ДПМНЕ се обидува да не ги гледа работите така како што ние ги кажуваме, или се труди да се заштити од тие зборови. Во ниеден момент ниту еден пратеник, па дури ни македонската јавност нема изјавено дека ВМРО-ДПМНЕ или членовите негови симпатизери се залагаат за фашизам. Не господа. Вие директно 40 и повеќе луѓе сте обвинети дека поддржувате фашизам. Фашизмот се наоѓа во врхушките на вашата партија а не помеѓу вашето членство и симпатизери. Тие 320 илјади луѓе немале ни поим дека гласајќи за вас ќе дозволат да и се случува ова на Македонија. И апсолутно вие не смеете да го ставате знакот на еднаквост помегу вас и вашите симпатизери, членови или гласачи, заради тоа што тие не се одговорни за ова што вие денес го работите.

И сакам да се заблагодарам што во својата дискусија или обид за реплика г-динот Флоровски ги потврди сите тези на она што јас говорев и некои колеги од СДСМ, со неговата случајно или намерно кажана изјава дека нема да биде тој виновен ако Шекеринска налета на некој фашист на улица, тој директно кажа која е политиката на ова парламентарно мнозинство и на оваа Влада дека сите ние од време навреме налетуваме на некој кој ќе биде нивни припадник, нивни член нивни симпатизер или нивни платеник. Ако господинот Флоровски мислеше некого да заплаши, мислам дека тоа веќе не функционира, заради тоа што сите знаеме дека теророт продолжува особено врз опозицијата. Меѓутоа ако сакаше да ја уплаши македонската јавност тоа е веќе посериозен притисок. Мислам дека наместо да зборува за македонското национално единство и да обвинува некои други го спречуваат тоа, нека се обиде да си ги дисциплинира оние луѓе кои се околу него, бидјеќи еднаш веќе реков единство не се

гради на тој начин што се тепаат деца или се тепаат припадници на опозицијата. Единство не се гради на тој начин што овде ќе зборуваме за единство туку на тој начин што ке градиме вистински демократски и кооперативен однос во реалноста. Меѓутоа очиглендо е дека таа е стратегијата да се тепаме надвор а да имаме полни усти демократија и соработка во ова Собрание. Тоа веќе не поминува. Денес не ви вели СДСМ дека на Македонија и се случува тоталитаризам и фашизам. Денес тоа го кажува македонската јавност. Многу поединци беа многу погласни во тоа и многу подиректни и похрабри од нас за тоа да го кажат јавно. Тоа што ние овде ќе зборуваме за други работи, тоа што вие сега ќе обвинувате некого за настани од 1994 година тоа веќе не поминува.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на госпоѓицата Шекеринска Радмила.

За реплика се јавува госпоѓа Марковска Ѓулистана.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван господине потпретседателе, дами и господа пратеници, Ќе бидам сосема кратка, тие што зборуваа дека не сум спомната, нека го прочитаат Деловникот и тоа сосема внимателно, жалам што не ми е тука да посочам на кој член и ќе видат, не мора да бидете лично спомнат, може да ви биде спомнат дел од дискусијата, или во овој случај партијата на која што припаѓате.

Длабоко сум и благодарна на госпоѓица Шекеринска што не смогна храброст да не го прогласи членството на ВМРО-ДПМНЕ, комплетно и нашите гласачи за фашисти и да го ограничи својот избор на пратеничката група, како што рече повеќе од 40. Меѓутоа, нејзините ставови и се она што зборува во прилог на фашизмот, зборуваат за неа, зборуваат за нејзината пратеничката група и апсолутно немам намера да спорам во врска со тоа. Фашизмот одамна е умрен. Во сите делови, се надевам во светот. Повремено во некои држави се појавуваат можности за негово воскреснување, но не и во Македонија. Она што во овој момент навистина длабоко така и лично ме повреди дека во ВМРО-ДПМНЕ има дозвола за тепање на деца. Знаете, таквите прости математички операции, ако еден човек е член на една партија, рако тој го тепа тој дома сопственото дете, ако некој дозволува да тепа туѓи деца, да се сигнализира и да се каже дека тоа е целата партија, тоа е одамна видена работа токму во СДСМ, а имавме можност да го видиме, за жал и вчера. Овде беше речено, знаете, Ромите ги украдоа бистите, ама Ромите се многу фини и тие секогаш биле за Македонија. Така што, многу убаво и пластично една групација на луѓе, кој што само заради нивното етничко потекло треба да се наречат крадци од секаде, го кажа токму нивни член. Оваа асоцијацијата што се направи во врска со фашизмот, кое е аналогно на тоа, апсолутно не ме чуди.

Што се однесува за тоа бугарскиф студент, жалам, човекот не е тука, меѓутоа, госпоѓице Шекеринска, доколку е против образованието на една наша соседна држава, со која што имаме добри релации, се надевам дека ќе продолжат и понатаму, имаше можност да каже кога ја ратификувавме една спогодба со која што звањата добиено во процесот на образованието, дури и сите дипломи ги ратификувавме, односно ги прогласивме за сообразни. Можност имаше да каже на тој начин. Меѓутоа, да ја навредува една цела држава, заради што некој студира таму, тоа е повторно и останува нејзе.

Она што на крај немам намера да го спорам, бидејќи ниту ми е на мене дадено, ниту пак имам право тоа да го направам, е нашата историја. Се додека за нашата историја одлучуваат политичари, ние во ова Собрание и подаелеку ќе имаме можност да спориме. Тогаш кога историјата ќе ја напишат вистинските луѓе кои се одговорни за тоа историчарите, веројатно, нема да имаме дискусии од ваков тип. За жал, во изминатите 50 години не се случуваше тоа. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на госпоѓа Марковска.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас бев надвор, ме спомна сигурно десетина пати.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Господа Шекеринска има реплика.

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:**

Без да спорам со другите тези, веќе незнам колку пати треба да се повторуваат работите, за да се разберат така како што се кажани, ВМРО-ДПМНЕ или неговото парламентарно мнозинство избра министер за обвразование.Тој министер за образование избра директор во едно училиште. Тој директор на училиште дозволи во неговото училиште или повика во

неговото училиште да се тепаат ученици. Откако учениците беа истепани, тој министер за образование, член на ВМРО-ДПМНЕ, не побара одговорност од директорката. Тој министер на образование тврдеше дека немаше тепање на деца. Кој е заклучокот, не математички, логички? ВМРО-ДПМНЕ овозможува и дозволува тепање на деца. При тоа, пирамидата не завршува тука. Тој министер за образование не беше повикан на одговорност, ниту од премиерот, ниту од Владата, ниту од ова парламентарно мнозинство. И, тогаш не беше повикан, заради тоа што имаше време да се реагира неколку пати. Има 15 дена откако се случија настаните во Неготино. Кој реагираше се додека не се создаде ваков проблем. Никој. Молк. Министерот отиде во Неготино, ширеше дезинформации, премиерот, ниту ова парламентарно мнозинство не реагираше. Да не спомнувам дека господинот кој што го спомнав претходно и кој донесе 17 непознати лица од Данчо Тасев и кој што е исто така истакнат член на ВМРО-ДПМНЕ колку што јас знам е директор во едно јавно претпријатие. Колку што јас знам луѓето кои сега ќе одговараат за кривично дело насилство, биле вработени во тоа јавно претпријатие. Дали се тие уште на работа. Дали господинот Тасев сеуште е директор. Сеуште. Тоа е точно и сеуште тоа важи. И, сакате некого да уверите дека ВМРО-ДПМНЕ се спротивставува на насилството или го стимулира насилството. Во моментот кога дозволивте опозицијата да ги отвора овие прашања на Собранието, вие всушност аминувавте на ова насилство. Затоа, немојте да ги ширите тезите за опозицијата, која што обвинува членство, заради тоа што никој тоа не го направи и немојте да се правдате со тоа членство. Најголемиот дел од тоа членство и тие гласачи одамна ве напуштија. Меѓу другото, заради тоа што дозволивте со терор да се владее во Република Македонија, во Македонија за прв пат ни се случија човечки жртви на избори и тоа не беше проблем овде. Сега ни се случија тепани деца и пак нема да биде проблем овде, ако опозицијата не направи проблем.

Бугарските дипломи се во ред, ратификувавме дека ќе ги нострифицираме дипломите. Меѓутоа, јас ќе дозволите, сепак, сакам да се консусултирам со повисоки авторитети од студенти, било тоа да се македонски, било да се бугарски. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на госпоѓицата Шекеринска. За збор се јави пратеникот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Консултирајте се со кого сакате, за историја и географија сум професор за тие ваши професори, ќе ви кажуваат, тоа можете да го проверите на многу места, особено за македонската историја, вклучително и за онаа од Егејска Макдонија и за онаа од Пиринска Македонија. За жал, ништо не можам да направам против вашите мозочни акробации. Јас не знам што се случува кај вас, но нешто што не е својствено на човек кој претендира да биде сериозен политичар. Омразата и по втор пат она што го покажавте, македонската јавност тоа може добро да го види спроед вашиот лик, според вашето однесување, ќе процени. Сакам едно да ви кажам како препорака, како сериозен човек не се јавувајте повеќе, правите антиреклама на СДСМ и со вашата појава и со она што го говорите. Поделотворно би било да стане некој друг посериозен кој важи за сериозен во вашите редови, отколку вие. Впрочем, вашиот лидер Бранко Црвенковски не е присутен тука, за да може утре да ве награди во вид, доколку дојдете на власт, во вид на министер или она што ќе биде ваша желба. Ќе ви кажам една друга работа, знаете кој блееше вака во ќош. Имавме, исто така, министер за внатрешни работи кој често седеше во стариот парламент од таа страна десно дијагонално од мене, жвакаше мастика, носеше пеперутка вратоврска и блееше во оној десен ќош во една стара сала. Што е тоа, знак на супериорна интелегенција? Не. Така ви се причинува, затоа реков дека одредени мозочни акробации го извитоперуваат и самиот човечки лик.

Што е разликата меѓу бугарски и српски студент кај вас? Не сум сакал едноставно да студирам во Белград. Желба ми беше да студирам во Пиринска Македонија, во Благоевград и таму имате македонски професори кои се по род македонци. Не сакав овде да ме вежбаат типови кои припаѓаат на вашата фела и да си играат со мене. Затоа не се запишав овде. Ако јас погрешно Ве сфатив дека не нарековте фашисти, па изгледа дека и госпоѓата Марковска сфати погрешно. Значи, ние сме фашистите, а гласачите, тие 320 илјади, тие се заблудени овци. И не ви претам. Најмалце имам намера, еве и јавно ќе изјавам, дека најмалце имав

намера и доколку така ме сфативте, јас се извинувам. Не ви претам. Но сите се живи луѓе, незнаете каде кого ќе погодите. Исто, нели и мене може да ми се случи. Не може сите да ме симпатизираат. Претпоставувам дека има луѓе кои не мислат исто како мене. Па може сешто да ми се случи на улица. Во тој контекст го кажав. Не дека ви претев. Најмалце имам намера на жени да им претам. А, да ве плашам. Зошто да ве плашам ако ви е чиста совеста.

И, уште една работа. Додека овој Парламент, додека сум јас присутен во овој Парламент, секогаш ќе Ве потсетувам на вашето владеење. Тоа не било пред нашата ера, не била пред Христос, туку се случувало од 1992 година до сега. Тоа е период на ваше владеење и никој не може да Ве амнестира, како што не може и нас да не амнестира, некои работи кои не се популарни меѓу народот,а ги направи оваа Влада можеби. Сепак, имам обзир како разговарам со вас за разлика вие како се однесувате и мислам дека треба да се извините и на пратеничката група, да си го повлечете зборот фашист, затоа што не само што не увредивте, не погодивте ептен длабоко. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Флоровски.

Има збор, повторно, за реплика госпоѓицата Шекеринска. Повелете.

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:**

Благодарам за сугестиите околу сериозноста на еден политичар, доколку дојде од сериозен човок, можеби и ќе ми беа драгоцени. Меѓутоа, од луѓе кои што и македонската јавност не ги цени за премногу сериозни, претпоставувам дека не треба да се црпи многу мудрост. Вие го кажавте тоа што го кажавте, сега уште еднаш го повторивте, дека не можете да гарантирате како ќе реагираат некои луѓе. И тука, верувам дека не сте осамени. Ист беше ставот на вашиот претседател на вашата партија и вашата Влада, кога се случи нападот врз неколкутемина пратеници кои што се осмелија да ја напуштат ВМРО-ДПМНЕ. Тогаш им се каменуваа домовите, се напаѓаа семејствата, а премиерот излезе и кажа дека тоа е природна реакција на некои луѓе, гласачи, кои биле незадоволни од нивната политичка одлука. Тоа беше спонтано под наводници, тоа беше природно под наводници, тоа беше неорганизирано под наводници. Претпоставувам дека вашата теза дадена на денешната говорница сака да го сугерира истото, дека некој од нас случајно одејќи по улица ќе се соочи со гневот на некои обичен човек. Обичните луѓе не се загрижени заради тоа што СДСМ кажува дека во Македонија има фашизам. Обичните луѓе се загрозени и загрижени заради тоа што и тие го чувствуваат тој фашизам. Вие можеби живеете во некој нереален свет. Вие можеби заедно со пратеничките легитимации имате и очила розеви. Меѓутоа, излезете, прочитајте весници и видете колку луѓе тврдат дека во Македонија демократијата е минато. Ако не ве загрижува тоа што СДСМ го зборува во Собранието, тоа е во ред. Меѓутоа, ако не ве загрижува што јавноста зборува за ова, тогаш вие имате сериозен политички проблем. Заради тоа, наредниот пат наместо да глумите навреденост, обидете се нешто да промените и обидете се еднаш, кога ќе видите дека оваа Влада греши и дека со тоа ја гуши слободата во Македонија, да реагирате како вистински патриот што би рекле вие, бранејќи ја државата, а не партијата. Во Германија фашизмот не се случи заради тоа што гласачите гласаа за фашисти, не, туку заради тоа што една партија стана фашистичка откако дојде на власт. За жал, тоа на Македонија веќе и се случува.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Уште еднаш и се заблагодарувам на пратеничката Радмила.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Очигледно, се потврдува тезата она што претходно го спомнав, тезата за мозочните акробации. Очигледно, не знае што зборува, но тоа е нејзин проблем и тука апсолутно ништо не можам да направам. Можам само да ја сожалувам. Првиот пат говорев сосема други работи, вториот пат сосема други, но ваша желба е да ги поистоветите. Така ги сфаќате, така сакате да ги разберете, но тоа е ваш проблем. Пак ќе кажам, ништо не можам да направам, затоа што, против клонираните мозоци ништо не може да се направи. Македонски кажано, калапени мозоци кои исто мислат. За жал, за жал.

Она што го говоревте сега, го говорите последниве исто така три и пол години и уште еднаш ќе ви кажам, не излегувајте, правите антиреклама за една сериозна политичка партија како што е СДСМ. Сметам дека, ова не е само овој впечаток, ова е впечаток и на

македонската јавност. Колку сум јас сериозен или несериозен, нека исто така македонската јавност, колку е сериозна мојата политичка партија или несериозна, оваа година ќе имаме избори, народот или ќе и даде доверба или ќе ве казни. Но, исто така, не заборавајте дека не го заборавиле времето на вашето владеење, добро го паметат и добро паметат што беше ваша одлика, т.е. одлика во вашето владеење. Треба ли да ви повторам уште нешто, мислам дека нема потреба, затоа што ќе влеземе во многу непотребни работи, ќе повторуваме она што вие го повторувате три години, а јас исто така го повторувам три години, како што вие велите. Мислам дека излишно е повеќе да ви реплицирам, вашите зборови воопшто немаат тежина, прво за мене, верувам и за македонската јавност. Но, пак ќе кажам, нека биде таа која ќе одлучува. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Уште еднаш ви благодарам.

По трет пат за реплика се јавува госпоѓицата Шекеринска Радмила. Повелете.

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:**

Јас жалам што можеби не можете да се приклучите на мозочните акробации, заради тоа што и за тоа треба некои услови да се задоволуваат. Се надевам уште еднаш нема да се вратите и да се потсетите дека сакате уште да реплицирате. Македонската јавност три години ве следи. Македонската јавност три години се жали. Македонската јавност три години констатира дека успеавте да реализирате едно ветување. Се да срушите и Македонија да ја внесете во војна. тој хендикеп кој што го имате на сите овие седници на Собранието не можеме ние да ви го решиме. Вие секој пат претпоставувам дека при излегување на говорница го носите тој баласт, одговорност за внесување на Македонија во воена авантура и тој хендикеп не можеме ние да ви го решиме. Можеби ќе си го решевте ако бевте малку почесни спрема себе и своите. Може ние сега да дискутираме за што сакате до 1998 година, може да зборуваме за кој бил повиновен, меѓутоа на Македонија и го зададовте последниот удар. Оазата на мирот се соочи со голема војна и сега не ви вредат дискусии за некои странични работи, кога незнаете да дадете одговор на крупната работа. Фашизмот не е само етикета. Фашизмот е проблем и тенденција со која што живееме во Македонија. И за жал, ниту еден од оваа страна на Собранието на Република Македонија не се обиде макар малку да ја подобри таа слика на македонската власт. Ниту еден не се согласи својот исто така изгледа клониран мозок да го дистанцира од врвовите на партија. Се додека тоа не се случи, Македонија не може да се надева ниту на подобри избори, ниту на демократски избори и тоа е проблемот со кој ние пак сега се соочуваме. Од една страна се вели граѓаните ќе го дадат својот глас на изборите, меѓутоа, се праќа пораката од оваа седница, од оваа говорница, дека можеби некој од нас, или некој од сите оние неистомисленици некој ден на улица ќе сретне некого. Тоа е страшно и за жал, дискусиите денеска во Собранието наместо да ги демантираат стравувањата или анализите кои што ги направивме во врска со тоталитаризмот, во врска со државниот тероризам, тие само уште повеќе ги зајакнаа. Ако стратегијата на ВМРО-ДПМНЕ за наредните избори се состои во ова, диреткни закани кон пратеници на парламентарната говорница, тогаш да ви кажам однапред сте ги изгубиле изборите.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јавија прво Александар Талевски, а потоа Димитар Батковски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Јас се трудев во мојата дискусија максимално да внимавам и да не одам на лични навреди и потешко зборови, а ќе настојувам тоа да го направам и сега.

Во излагањато на мојата почитувана колешка се провлакоа неколку неточности. Да потенцираме некои. Директорката во Неготино дека не е сменета, директорката на гимназијата во Неготино е сманета и тоа јасно и гласно да се знае дека е сменета.

Понатаму во информацијата Владата не крие дека некои луѓе, како што пишува, применувајќи физичка сила, се обиделе да ги истераат учениците. Меѓутоа, тоа не се крие, тоа е напишано во информацијата на Владата и Ве молам немојте да правите замени на тези. Читајте ги информациите, еве, и јас да повикам на читање.

Понатаму, не можете да кажете дека во ВМРО наредува или посакува да се тепаат децата. Внимавајте, во мојата дискусија посочив и сега повторно ќе подвлдчам дека можеби

една подруга врска меѓу господинот Тасев и госпоѓата директорка е многу посилна отколку било каква партиска врска, така што не можете да ни го инфилтрирате тоа, разберете.

Исто така, сакам децидно да кажам дека се поднесени кривчни пријави против сите луѓе кои се дрзнаа да ги натепаат учениците во Неготинската гимназија. Тоа се факти, така што јас очекувам тие кривични пријави преку една нормална процедура да се ефектуираат и виновниците да си бидат соодветно казнети.

Исто така, не верувам дека почитуваната колешка која што важеше за кандидат за министер за образование во широката влада не ја знае постапката при вакви работи, а имаме потсекретар за средно образование, тука имаме државен секретар за образование итн. Немојте да ги запоставувате тие работи мавајќи на две главни тези, а тоа е дека со случувањата во Прилеп каде што се оскрнавени спомениците на народните херои кои се бореа против фашизмот и тенденцијата да се докаже дека тоа е благопријатно примено од страната на владеачката партија, преку тепањето на децата и обидот за напад на Штабот на СДСМ во Охрид, да се извлече констатација дека е во прашање фашизам. Јас длабоко апелирам да внимавате со тие тешки зборови, обични криминални дејства да не ги издигаме на такво ниво, а оние што се огрешиле како во Прилеп така и во Неготино ќе си го добијат своето. Министерството за внатрешни работи го повикувам да се пронајде и сторителот во Охрид, да се расветли тој случај и да си го добие своето. Ве молам, немојте да ги поистоветувате тие работи со било каква појава на фашизам бидејќи тоа во една партија како што е ВМРО-ДПМНЕ, што се базира на демохристијанските принципи едноставно не постои, не вирее и исто така, ако продолжиме да потенцираме дека таму има појава на фашизам не во партијата туку во врвот, јас ќе морам да се навратам на историјата и да се потсетиме дека кон крајот на 80-тите години при сломот на комунистичките режими, се случи една трансформација на комунистичките партии каде што тие се трансформираа некои во социјалдемократи, а некои во анархисти, така што анархита што можеби некој сака на мала врата да ја протне па вели тие сеуште работат таму и таму, тој сеуште е директор таму и таму - видете, оваа држава има институции на системот. Не може ниту Парламентот, ниту министерот за внатрешни работи, ниту министерот за образование да ги избрка одредени луѓе од работа затоа што направиле прекршок. Ако некој направил прекршок, сватете, луге, има полиција, има пријави, има суд, има казнени одредби, така што ве молам кога одите во такви жестоки напади сепак да го контролирате својот политички адреналин, кој ве сваќам дека е страотно висок во оваа изборна година.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Сега вие барате реплика, репликата предизвикува пак реплика и нема крај. Ве замолувам да бидете што пократки и покооперативни за да можеме да му дадеме можност на министерот да земе збор.

Реплика за госпоѓицата Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Наместо тези или размислувања од моја страна, јас сакам само да ви упатам неколку прашања, кои претпоставувам дека ќе ви сугерираат зошто проблемите се поголеми отколку вие што сакате да ги прикажете.

Велите директорката е сменета. Кога е сменета директорката? Дали директорката беше сменета веднаш по самиот случај? Дали директорката беше сменета откако министерот дојде во училиштето и се увери во фактичката состојба. Дали министерот веруваше дека директорката нема никаква вина во случајот. Дали директорката беше сменета дури откако скандалот се претвори во мега скандал и откако целата јавност се ангажираиш во осуда и на директорката и на министерот и на вашата партија.

Следно прашање: велите поднесени се кривични пријави. Дали се поднесувани кривични пријави против господинот Тасев, кој што ги испратил 17-те пријатели на директорката. Дали се поднесени кривични пријави против директорката која што ги повикала своите т.н. пријатели, притоа вработени во јавно претпријатие. И клучно прашање: дали господинот Тасев е сеуште директор во истото јавно претпријатие во кое што беа вработени овие 17 луѓе кои ќе одговараат за кривично дело насилство и дали и тие 17 луѓе сеуште фигурираат на платните списоци на ова јавно претпријатие. Ако спомнете дека во ВМРО-ДПМНЕ или во Владата се почитуваат процедури за

промена на директори, ќе ве потсетам дека такви процедури за именување директори апсолутно не постоеја. Дури откако ќе се зборува за ваква одговорност и кривична и политичка на сите фактори, ќе можеме да зборуваме за расчистување на случајот. За 17 луѓе што се поднесени пријави за кривично дело насилство, претпоставувам дека е минимумот што Владата мораше да го направи за да има со што да излезе пред ова Собрание. Се прашувам дали доколку не беше побарана вакга седница, и тие 17 пријави ќе беа онаму каде што се сега.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ќе ве замолам да прекинеме со репликите.

За реплика се јави господинот Димитар Батковски, но ќе ве молам да бидете што пократки.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги,

Ќе бидам навистина краток. Морам да реагирам. Овде младата госпоѓица навистина прави невиден терор пред Собранието и целата јавност. Верувајте, јас не мислев да дискутирам, не мислев да реплицирам, меѓутоа кога таа ја нарече целата наша група фашисти, употреби термин фашистички методи, фашисти итн, навистина тоа се граничи со една таква смелост, што јас не знам по кој повод оваа млада госпоѓица си ја зема. Во нејзината дискусија или реплика, таа ја спомна и госпоѓицата Мара Бунева, споменикот и панихидата. Меѓутоа, во оваа прилика би ја прашал оваа млада дама дали госпоѓицата Мара Бунева отепа некој македонец, кого таа отепа? Таа Мара Бунева во цветот на нејзината младост, ја жртвуваше нејзината младост токму за тоа, од еден патриотски чин. Сега немојте од сето тоа овде да се препишуваат работи кои немаат ништо заедничко ниту со патриотизам, а ниту со фашизам. Јас морам да го изразам својот револт, затоа што како пратеничка група, како член на мојата партија, никој не може да ми каже дека јас се залагам за фашистички методи. На крајот на краиштата, овде мораме да имаме едно парламентарно ниво, а уште повеќе овде почитуваната госпоѓица треба да знае дека доаѓа од академски кругови каде што треба да има и поинакво ниво.

Морам да кажам дека основното мото на оваа личност, која најверојатно насилнички и со уништувачки пориви ги црпи од длабоките извори на сопствените фрустрации. Сепак, тој феномен е во доменот на психијатриското во медицината. Тука јас не можам да сторам ништо.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Уште еднаш за реплика се јави госпоѓица Шеќеринска, а потоа ќе му дадеме збор на министерот за внатрешни работи.

Пред тоа процедурално збор побара пратеникот Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Го изразувам задоволството од тоа како во целиот изминат пдриод тогаш кога сте ги воделе седниците, ги водите. Меѓутоа, овој пат навистина почувствував потреба да ве замолам да продолжите да ги водите седниците така како што ги водевте досега и секогаш кога ќе се пречекори тенката црвена линија од страна на пратениците кои што стојат на говорницата да интервенирате. Мислам дека денес, посебно во попладневните часови, повеќе пати таа тенка линија беше помината, вие не реагиравте и мислам дека има потреба на време да им кажете на пратениците до каде може да се оди во одредени квалификации што ги изнесуваат на говорница. Ве замолувам така како што досега сте постапувале, деловнички, и одсега натаму да постапувате.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ќе ги имам предвид тие совети.

Реплика за госпоѓица Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Ако колегата Батковски мислеше на вакво ниво на дискусија мислам дека нема да го следам неговиот пример. Ако се повикуваше на такви високи нивоа на дискутирање.

Она што го споменав на почетокот на мојата дискусија се покажа како точно. Навистина овде треба да закачиме еден натпис на говорницата - излегувате на сопствен ризик, заради тоа што ова се случува по правило. Ќе излезете и ќе зборувате, ќе кажете свое мислење, своја аргументација, точна - неточна, зависно од гледањето, ќе кажете свој политички став и единствено нешто што ќе го добиете како реакција не се аргументации, не се други информации, дури не се ни дезинформации. Единствено нешто што добивате се лични дисквалификации. Тоа мислам дека зборува за силината на вашите аргументи или за нивното непостоење. Кога би имале аргументи против тезите што беа изнесени

на говорницата не само од мене туку и од многу дискутанти, претпоставувам дека ќе ги изнесевте. Меѓутоа, во недостаток на аргументи единствено нешто со кое може да излезе, замислете, еден професор на универзитет е дека проблемот на еден пратеник е тоа што е млада госпоѓица и второ, тоа што е исфрустрирана, претпоставувам.

Господине Батковски, навистина имавте кратка дискусија, само имавте дискусија без содржина. Јас не знам кој беше вашиот аргумент кој што вие го спротивставивте. Ако имате проблеми со млади пратеници или со млади политичари, тој требаше да го изразите кога гласавте за вашиот премиер кој беше некаде на моја возраст кога го избравте. Ако имате проблем со госпогици, е тогаш веќе имаме сериозен и политички, меѓутоа, и психолошки проблем, се согласувам. Ако излезете и кажете некои аргументи за промена, можеби и ќе дебатираме, ама ако се сведеме на дискусија околу тоа кој колку адреналин има, кој колку години има, кој пол е, отиде дискусијата во несакан правец. За жал, констатирам дека ова е дискусија или отсуство на ниво на професор на универзитет, меѓутоа, можеби тоа е нивото на ова Собрание и можеби тоа е нивото на кое се повеќе треба да се навикнуваме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор министерот Љубе Бошковски, но пред тоа процедурално збор побара пратеникот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитувани дами и господа пратеници, господине министер, почитуван потпретседател, дали може да создадеме мир овде во Парламентот. Гледате во која ситуација дојдовме. Доаѓаме во една ситуација кога се употребуваат термини фашисти. Сакаме во Европа да влеземе, а спомнуваме фашисти. Значи, со ова и скратуваме на Република Македонија влегување во Европа. Освестете се малку. Дали ова е Парламент или што е ова? Прекинете со овие работи, дајте малку една умерена и смирена работа, да не се навредуваме, повторно да не се случи медиумите да кажат дека има циркус во Парламентот. Ве молам сите малку да се соберете, да размислите што треба овде да се прави. Доста со овие напаѓања. Тоа не е добро. Сакаме во Европа, а спомнуваме фашисти овде. Прекинете со тоа, треба да влеземе во Европа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор министерот за внатрешни работи, па потоа ќе се вклучите.

Сепак, пред тоа реплика за господинот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Имам едно кратко прашање, ми е жал што морам да го поставам, меѓутоа, еве на некој начин сигнализирано е од наши гласачи и гласачи на колегата Флоровски. Бидејќи тој спомна дека овде во нашата држава постои демократска власт и дека беше многу пречувствителен на некои квалификации кои дојдоа од наша страна, кои што зборуваат за некакви појавни облици на антидемократско насилничко и такво однесување на државните институции на владеачката гарнитура, јас би му поставил конкретно прашање. Бидејќи на некој начин апелираше да се претстави како слободоумен човек кој секогаш го кажува својот став и своето мислење, без разлика на тоа што е партиско мислење или партиски став, зошто господинот Флоровски е чуван од двајца полицајци во својот сопствен дом. Од кого се плаши господинот Флоровски, ако смета дека постои демократска власт. Мислам дека тоа е интерасно прашање, бидејќи тој е меѓу ретките пратеници кој што ужива таква заштита во оваа држава, за разлика од сите нас 120 пратеници овде, како што не нарече во капуп, пратеници кои имаат ист ментален склоп, исто размислуваат, за разлика од него. Би било интересно за македонската јавност да наведе барем дел од причините зошто е тоа така.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Љубомир Поповски, меѓутоа, ние немаме сега овде пратенички прашања. Ве молам да се придржуваме на темата.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Кога ќе го поставиш како пратеничко прашање ќе ти одговорам. А ти во периодот на 2001 година, ако не си се движел во државата, тоа е друго прашање. Ќе сватиш што сакам да кажам, дека некој вложил нешто во оваа држава, направил нешто за оваа држава. Не, не сте вложиле сигурно, но ќе ви одговорам ако го поставите како пратеничко прашање не до мене, ќе го поставите таму каде што треба да го поставите. А зошто стојат, лично ако сакате да ви кажам, ќе ви кажам надвор, нема проблем.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор министерот за внатрешни работи Љубе Бошковски.

**ЉУБЕ БОШКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господо, почитувани пратеници, почитувани медиуми,

Дозволете ми да зборувам во овој Македонски дом во Македонскиот Парламент, овде пред вас, пред претставниците на гласачите кои го дадоа гласот за да јас денеска бидам овде меѓу вас и бидам министер за внатрешни работи. Сакам да ви кажам само едно дека немам намери никого да фаворизирам, немам намери да зборувам како партиски припадник, иако длабоко верувам во идејата во ВМРО. Ќе зборувам онака како што треба да зборува еден демократски министер, ќе зборувам како министер за внатрешни работи. Нема денеска овде да отворам политички теми, да зборуваме за времето што е дел од македонската историја, да зборуваме за сите оние страдања во изминатине 60-тина години. Не сакам да зборувам за страдањата на македонскиот народ низ целата оваа историја и не сакам да зборувам за шестте години на владеењето на нашите претходници, на СДСМ, отварајќи ги тука темите за "македонскиот Чернобил" за ТАТ кој понесе со себе 200 мртви во мир. Толку немаме изгувено за време на војната. Не сакам денеска да зборувам за прислушкувањата, за моето досије и за 17.500 досиеја отворени во македонската држава за време на комунизмот. Сакам да ставиме на таа тема два акта.

Денеска сакам да зборувам за тоа што го зборувам пред граѓаните на Република Македонија. Тоа е да престанеме да се делиме на лева и на десна страна, на левичари и на десничари. Бидејќи, левицата и десницата како став произлезе од Францускиот и Германскиот Парламент според местата на седење на пратениците.

Ниту ние, почитувани пратеници ја измисливе левицата ниту ја измисливме десницата. А, кога сме кај ливицата и десницата, сакам да ви кажам, да повлечам една историска паралела, оние кои беа екстремно леви завршија во екстремно десни, а оние кои беа екстремно десни завршија во екстремно леви. Тоа е случајот со Де Гол и со Сталин.

Не сакам овде денеска да зборуваме за ништо друго, но за она што ја оптоварува македонската држава. Јас сакам да кажам дека, како што Израелците, почнувајќи од познатиот Јуда, па до Голда Меир, цели 18 столетија се бореја за својата држава и на секое нивно видување, не како припадници на левицата или десницата, зборуваа до година ќе се видиме во Израел. За мене Израел е поим за борба на една нација за својата самобитност и сонувам еден ден да бидеме модерна држава, развиена и подготвени да го одбраниме својот суверенитет, како што тоа успеа да го направи и Израел.

Сакам да ве потсвтам дека минатата година во мај месец бев избран и од вас, од претставниците и припадниците на СДСМ. Бев избран исто така од неколку политички партии и со тие гласови сум јас денеска министер. И, ќе бидам министер се до тогаш додека вие цените дека треба да бидам министер. И, ако оцените дека треба да заминам од оваа функција тоа ќе го направам и вие сте единствено компетентни за тоа да одлучите.

Но, кога, почитувани мои пратеници од левата страна, кога минатата година во мај месец ја направивме коалицијата, си реков во себе - никогаш повеќе македонец на македонец; никогаш повеќе нема да се кодошиме; никогаш повеќе нема да отвораме досијеа но ќе работиме за македонското национално единство. И така почнавме со почитуваниот колега Бучковски, со почитуваната колешка Илинка Митрева.

Но, тоа траеше многу кратко. Ги немаше во Радуша, ги немаше кога се даде наредба од претседателот Трајковски да се деблокира патот Тетово-Јажинце, ги немаше тогаш кога вие, господо, бевте сервилни кон ЕУ, бевте спремни се да дадете за да се вратите на власт, но без нас, без ВМРО-ДПМНЕ.

Ние и тогаш и сега ја пружаме раката, искрено, верувајте. Добра беше дискусијата на г. Петковски да престанеме да разговараме за она што е зад нас. Да ја погледнеме вистината во лице и да се вратиме на дневниот ред. А, дневниот ред е сигурно сложен. А, темите се сигурно болни, а темите сигурно ја вознемируваат целата македонска јавност а не само нас и вас, почитувани пратеници.

Јас не можам да разберам дека денеска на оваа говорница, кога сите тежнееме кон Евроатланската ориентација, кога сите ја сонуваме Македонија како демократска држава и албанските

политички партии и македонските политички партии и секој просечен граѓанин да зборуваме за комунизам и за фашизам.

Господо, ниту комунизмот, ниту фашизмот не се својствени за македонскот народ. Не можеме овде да ги делиме жртвите на жртви на фашизмот, кои се хумани жртви и жртви на комунизмот, кои се оправдани жрви. Нема оправдани жртви затоа што мајките во светот подеднакво плачат за своите синови. Нема разлики дали е тој комунист, дали е тој е ВМРО-вец, дали тој е албанец, бидејќи и албанци загинаа и во оваа татковинска војна за Македонија. Вие многу добро знаете во Гајре.

Така што не можеме овде во Парламентот да се делиме на партиски, на верски и на незнам кои други линии. Но, да ја погледнеме онаа права опција што е за Македонија, а тоа е нејзината Евроатланска ориентација. Во таа Евроатланска ориентација, многу добро го кажа тоа г. Бајрам, никој не може да не гледа сериозно ако ние уште овде промовираме диктатура, ако промовираме и ние самите себе си се откажуваме, ако овде во овој Парламент се зборува за претенденти на Хашкиот трибунал, ако овде министерот не се гледа како министер, но се гледа како Љубе Бошковски.

Не, господо. Вие ме избравте. И, јас ако одам надвор од Македонија, ќе одам со вашиот глас. Значи, ќе одам како претставник на Македонската држава. Тешко на држава што има кандидат за Хаг. Таа држава нема перспектива. Ние мораме на Македонија да и ја отвориме перспективата и да се погледнеме во лице денеска, бидејќи сме потребни на Република Македонија, сега кога им е најтешко.

Јас не можам да верувам, читајќи го Артур Кеслер во неговата книга, мислам дека се вика "Помрачување во пладне", кој зборувал за 100 милиони жртви на комунизмот. И ние денеска го величаме комунизмот наспроти некои други тоталитарни ситеми. Па, многу добро во мојата борба, во делото на Хитлер е објаснет злочинот на фашизмот. Нема поголем злочин од злочинот на фашизмот. И, затоа треба сите книги да се читаат за да ние ја видиме и компарираме со злосторствата на комунизмот и со злосторствата на фашизмот како два тоталитарни режими.

Европа од нас очекува многу. Очекуваше и од мене. Но, од мене не виде сервилност, од мене виде кооперативност. Големата е разликата измеѓу сервилноста и кооперативноста. Ние бевме кооперативни и не ги дававме и не ги повлекувавме македонските бранители од Ратае, Жилче, а за тоа, господо сите вие, и десничарите и левичаите во Македонскиот Парламент многу добро знаевте дека, доколку паднеше Жеден, доколку паднеше Радуша, доколку во тоа време терористите дојдеа на другата страна на Вардар, позициите за преговорите ќе беа многу потешки и за Република Македонија и ќе имавме многу поцрна иднина.

Ние покажавме дека пред се ние е одбраната на Македонскиот суверенитет и заедно ги создадовме, со вас господо од СДС, Македонските лавови, во Македонската Влада, на Советот за безбедност. Вие бевте тогаш во власта. И, тие дечиња, тие македонски синови, не само Македонци, има тука и муслимани, има и по некој Албанец, бидејќи и расизам сакаат да ни припишат, сакам да ви кажам едно, дека тие застанаа не зад нивните политички фотелји, но беа свесни дека само така можат да ја бранат Македонија и ја одбранија. И тие се херои на Македонија. Тешко на земја што е во криза ако нема бранители и тешко на земја што во криза не создава генерали, бидејќи таа држава нема своја иднина. И тоа е онаа познатата латинска Максима кондицио сине ква нон, за секоја држава е одбраната на нејзиниот суверенитет.

Јас не можам да се помирам со ова што ни се случи. Ја поздравувам иницијативата денска да се собравме да зборуваме за точките на дневниот ред, да зборуваме за Неготино, Теарце, Прилеп, Охрид. Сигурно дека се случи нешто што не може никој да го оправда. Но, затоа постои макдонска полиција, затоа, покрај сите наши обврски во борбата против организираниот криминал и се она што го направивме во овој изминат период со поднесените 350 кривични пријави, со отворањето на атентатот на претседателто Киро Глигоров и со сето она што го чиниме покажавме дека ние сме сериозна власт и сериозно мислиме на своите граѓани. Дури и на бројката број 1 во вашата партија, во партијата СДСМ и тоа дело ќе го расчистиме. И ќе зборувам во една друга тема кога тоа ќе биде на дневен ред и кога ќе се поставуваат пратенички прашања на оваа тема. Сакам денеска да зборувам за Неготино, за Теарце, за Прилеп и Охрид.

Теарце е осетливо место. И точно дека г. Павле Тодоровски е чесен граѓанин. И точно е дека за време на целата криза беше во Теарце. И точно е дека е пример за градење на соживотот меѓу албанците и македонците во тој дел.

Но, точно е и нешто друго. Во овој изминат период по донесувањето на Законот за локална самоуправа и по најавата за амнестија, за прв пат се отвори оној пат што требаше да го отвори г. Бучковски во договорот со господата Питер Фејт и со Меѓународната заедница и по наредба на претседателот Трајковски што не беше извршено, а тоа е магистралниот пат Тетово-Јажинце. Но сега преку Порој-Џепчиште до Јажинце.

Точно е дека дечињата кои беа во училиштето заедно со синот на вашиот лидер и со мојот син и со синот на премиерот, заминаа за Теарце. И тоа е оној праведен мир што за време на целата криза го промовираше овој министер, кој стои денеска пред вас. Праведен мир, тогаш кога раселените лица ќе почнат да се враќаат во своите огништа и ќе се врати детскиот џагор. Тој во Терце е вратен и тоа е позитивно и тоа е за поздравување. Македонските безбедносни сили почнаа да се враќаат низ македонските села. Значи, го почнавме процесот на мирната интеграција и за мое изненадување, паралелно напади за фашизам, напади за насилство, напади дека некои лавови или тигри сакале да го претепаат г. Павле, бидејќи Павле бил за мир а

Никој повеќе од мене не не го сака мирот, Затоа што никој повеќе од мене не беше на погреби на македонските бранители. И сега сакаме да копаме нови гробови, сакаме пак да го вратиме немирот во Македонија. Да се обвинуваме. А, и вие, господо, признавте дека беше извршена агресија од Косово. Вие сами и такви заклучоци донесовте во Македонскиот Парламент. Кој ли овде прави мемуруци, не ми е јасно. Сака нешто да се прикаже сосема поинаку од реалната ситуација. Да се најде виновникот и да профитираме политички. Мене не ми треба, најмалку на министерот за внатрешни работи му треба профитерство ако во три града може за два дена да собере 15.000 гледачи кои му веруваат. И, сега преку медиумите. Нему, не му треба кампања. Нему кампањата му е завршена. Најмалку што можам да бидам во овој Парламент е да бидам пратеник. Затоа не се грижите за мене дали ќе заминам некаде или ќе останам во Република Македонија или ќе ме земе некој Трибунал.

За мене беше најважно дека ја завршивме историската работа. Ги повлековме Македонските лавови кои останаа 8 месеци на браникот на Македонија. Ги заменивме со други сили. Ги заменивме со редовните сили на полицијата за да ја покажеме кооперативноста и да овој кревок мир, кој сега е во почеток го сочуваме, бидејќи повеќе на Македонија не и се потребни жртви, доволно жртви дадовме за Македонија.

Случајот Теарце ќе биде расветлен. Доволно е една независна телевизиска екипа да ја интервјуира госпоѓата на г. Павле Тодоровски, која е сведок на настанот и која ќе ја каже целата веистина кој таа ноќ, таа вечер дојде во селото и кој го малтретираше нејзиниот сопруг. Тоа е во истрага, но еве да не ви го соопштува тоа министерот, ќе ви го соопштат сведоците, а поголем сведок од сопругата на господинот нема.

Сакам да ви кажам дека почна нешто што Меѓународната заедница од нас го очекува, сите овде што сте во Парламентот, и од нас кои ја практицираме власта, односно извршната власт. Очекува да почне да се враќа мирот во Република Македонија за да може да се свртиме на нејзиниот економски развој.

Сакам да ви кажам дека Павле Тодоровски не може и во никој случај не е нападнат од било кој од безбедносните сили на Република Македонија. Сакам ова прашање да биде затворено во овој дел и да дозволиме на истрагата, на истражните органи, ние поднесовме кривични пријави против пет лица и за неколку знаеме. Знаеме дека тројца се од с. Нераште, дека еден не е од македонско потекло, дека не е од територијата на Република Македонија и еден е од с.Непроштено. Тоа се нашите првични информации за кои што истрагата ќе покаже поголеми, се надевам, резултати.

Прилеп. Зарем ден пред тоа малку зборував пред илјадници битлочани и уште три пати повеќе битолчани кои седеа надвор од просториите на Културниот дом, токму за хероите, за партизаните, за оние кои денеска ми приоѓаат и ми честитаат затоа што во мене и во Македонската Влада и во премиерот Георгиевски виделе бранители на Република Македонија. Тоа е сигурно во една предизборна кампања многу непријатно за соопштување и не сакам да го соопштувам. Меѓутоа, тоа е факт.

Јас зборував за партизаните и за децата на партизаните, за помирување на оние кои биле партизани, оние кои биле жртва на комунизмот, бидејќи пред се ние како Христијани, како христијанска модерна народна европска партија, ние немаме намера да ги гониме, господо, ниту нашите прогонители. Јас не ги казнив оние кои го пишуваа моето досие "Дипломат". Уште работат, но сега веќе не пишуваат досиеја. Тоа се гледа од оваа збирка што е тука пред мене, за која што ќе збориме во некоја друга прилика. Значи, не ги гониме ни прогонителите за да го постигнеме македонското национално единство. Но, тоа единство не е замислено како национално единство исклучиво на Македонците, но и на сите оние кои сакаат да ја видат Македонија во Европа.

Јас, исто така, исто така зборував за помирување на иселено и на татковинска Македонија, за давање на државјанство на сите кои се по потекло македонци, за да после два дена бидам обвинет дека тоа го правам дека доаѓаат избори. За избори треба да имаат и лични карти за да гласаат, барем според сегашните прописи. Тоа го правиме за да ја сочуваме супстанцата македонска, за да ја сочуваме Македонија, да ја одбраниме Македонија, да покажеме дека немаме друга идеја но одбраната на Македонија.

И после тој мој говор ни се случи Прилеп, се случи да бидат од постаментите извлечени, продадени, украдени македонските херои, македонските партизани. Тогаш имавме партизани, а оваа генерација беше сведок на македонските бранители. И едните и другите останвуаат, дали ние тоа го сакале или не, запишани во македонската историја.

И затоа жалам што тоа се случи и верувајте прво што направив како министер за внатрешни работи, кажав дека треба да бидат казнети. Еден е приведен, другите се во бегство и предадени се на другата власт во државата, а тоа е судската власт. Толку јас како министер за внатрешни работи можам во првата ситуација да направам. Верувајте дека тоа нема ВМРО-вец кој ќе го направи, нема граѓанин свесен ниту човек од СДСМ, ниту од било која политичка партија да направи такво злосторство, затоа што се врши злосторство на македонската историја.

А нам, овде присутните, вклучувајќи го и г. Флоро и сите кои денеска зборуваа за историските теми и категории немаме кредибилитет да ги судиме нашите херои и да им даваме една или друга димензија. Сите тие се синови македонски и сите тие дале дел за да ние денеска опстојуваме како нација и опстојуваме на овие простори.

За Прилеп е се превземено да се овие пет лица, ако треба да ги прочитам, ги имаше во Информацијата, да не се повторувам, да не бидам долг, да бидам пократок, ги имаме запишано.

**ЉУБЕ БОШКОВСКИ**: (Продолжение)

После тоа ни се случува Охрид. Сигурно чин за осуда, но чин кој ние мораме околу ова прашање да постигнеме консензус, бидејќи тука има многу правници, мислам дека има и доктори по правни науки кои можат да одговорат на ова прашање. Тука немаме ниту обид за извршување на делото за кое треба лицето или лицата кои се бараат да бидат осудени за фрлање на молотов коктел. Тие неможат дури ни  за обид, но ќе бидат казнети за чинот на нарушување на редот, за она за што ние им поднесовме, пак на непознато лице кривична пријава. Има кривично дело сигурно дека работиме интензивно господине Александар Талевски дека ќе ги откриеме и ќе ги предадеме пред лицето на правдата. Се надевам, бидејќи имаме апсолутно независно судство кое од 250 кривични пријави против мега криминалците во македонската држава притвори само 100. Никој не беше полесен од десетина милиони долари и од нив 150 завршија со пресуди, од кои пресуди само две, три се ефектуирани со казни затвор кои беа заменети со условни казни. Значи, немаме ниеден милионер кој е во затвор бидејќи независноста македонско судство го стимулира криминалот за што мора да признаеме и за што сигурно ќе бидат утре обвинет од претседателот на Врховниот суд. Но, тоа не е битно, јас кажувам за фактите.

Сакам да ви кажам дека тоа не беше напад и не се смета за напад на просториите на нашиот до вчера коалиционен партнер СДСМ, но на ресторанот Сердарот кој е во склоп на таа зграда.

Јас исто така сакам да ви кажам дека нема на никого да простиме и нема да има недопирлив за сите претходно споменати злосторства кои се направени.Јас сакам да се навратам на последниот случај кој е денеска тука топ тема и незнам зошто јас за овој случај два дена присутен во Парламентот а тоа е неготинскиот случај.

Неготинскиот случај е исто така нешто што мора да се осуди. Не смееме сега

да навлегуваме во политичките мотиви, во нив ќе навлегуваме кога гсподинот Никола Поповски ќе побара итна седница на тема за која ќе разговараме за ова што денеска беше приоритетно за разговор а најмалку четирите случаи, што го потврди господинот Тито Петковски.

Јас сакам да ви кажам дека тука е направено прекршување на она што се нарекува правна држава. Тука директно е удрена правната држава, тука е загрозен мирот и спокојството на нашите дечиња, на нашата популација на најосетлвиите, на најмладите, на оние на кои сите ние им веруваме и кои нам ни веруваат. Сигурно дека има многу интересна политичка позадина. Дали е тоа позадина на ВМРО-ДПМНЕ, на СДСМ или на некоја трета партија во државата јас немам кредибилитет да навлегувам, но имам право да кажам што се случуваше тој ден.

Сигурно е дека директорката имаше во нејзината канцеларија 40-тина револтирани дечиња, ученици. Тоа е сигурно. Сигурно е дека тие ученици не излегуваа и не ги почитуваа наредбите на директорката. Доаѓа претставник на Министерството за внатрешни работи кој исто така не го слушаат дечињата. Доаѓаат после тоа професорите и се повлекува еден број на ученици, еден број останува. И тогаш доаѓаат овие, можеме да ги нарешеме, наши, нивни, свои, но мораме да признаеме и мора да ги казниме, кои доаѓаат и ги растеруваат децата не толку брутално, бидејќи нема тешки телесни повреди, но доволно за тие дечиња присуството на поагресивни типови кои со мотивацијата дека мора да ја одбрани сестрата од наездата на тие дечиња се случува тие дечиња да бидат повредени.

Затоа ние на чело со Орданчо Тасев, кој е наш претставник во Кавадарци поднесовме кривични пријави. Јас незнам македонската полиција што треба повеќе да направи и зошто македонската полиција спроведува државен терор. Дали апсењето на претставници на нашата политичка партија е државен терор. Ако тоа е државен терор тогаш ние треба да разговараме дека сме извршиле државен терор и тоа многу интересно да го аргументираме. Но исто така морам да ви кажам дека оваа партија и оваа власт имаше доблест да ги изнесе пред лицето на правдата своите министри. Имаше доблест да замени многу директори кои запловија во многу криминални води. Имаше доблест да го направи тоа нашиот премиер што ниту една влада на Балканот во овие десетина години од восопставувањето на повеќе - партискиот живот го нема направено. Јас незнам што треба уште овој ваш министер, кој вие го избравте да направи за да сите ние овде бидеме задоволни барем малку. Ако мислите дека Новковски и за судбината на Новковски одлучувам јас тогаш сте во заблуда. За судбината на Новковски одлучувате вие пратениците на Македонскиот Парламент. Но, исто така сакам да кажам дека треба да веруваме во правната држава. Треба да не се чуствувате небезбедни и не треба по излегувањето од овие простории да мислите дека ќе бидете од некого нападнати, и дека некој ќе ги загрози вашите животи. Додека Љубе Бошковски е министер за внатрешени работи бидете спокојни. Тоа сигурно нема да ви се случи. Тоа може на него да му се случи и тоа му се случуваше четири пати, но за ваша среќа неуспешно. За ваша среќа, бидејќи Љубе Бошковски ги полни салите низ Република Македонија и ќе ја донесе победата на неговата партија.

(Аплауз)

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на министерот за внатрешни работи Љубе Бошковски. Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, предлагам од името на пратеничката група час ипол пауза за да ни се поделат стенографските белешки од дискусијата на министерот за да можеме да се вклучиме понатаму во дискусија.

(Некои пратеници бараат збор процедурално)

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ние и така мислевме да работиме до 19,00 часот, а како пратеничка група има право да бара пауза од еден час, или повеќе за да ги добиеме стенографските белешки.

Ја прекинувам седницата. родолжениeто ќе биде закажано дополнително.

(Седницата прекина со работа во 18,30 часот.)